## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Осумнаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 25 август 2008 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,25 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Дами и господа пратеници,

Ја отворам Осумнаесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Силвана Бонева, Авдија Пепиќ, Фијат Цановски, Јован Манасиевски ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

За седницата известени и поканети се претседателот на Република Македонија, претседателот на Владата на Република Македонија, членовите на Владата на Република Македонија, претседателот на Судскиот совет на Република Македонија, Народниот правобранител, претседателот на Комисијата за заштита на конкуренцијата, претседателот на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации, претседателот на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер, претседателот на Комисијата за хартии од вредност, претседателот на советот за радиодифузија, претседателот на регулаторната Комисија за енергетика на Република Македонија.

Пратеникот Оливер Шамбевски, предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за заштита на децата, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на закон, ви е доставен.

Го молам пратеникот Оливер Шамбовски да ја образложи итната и неодложна потреба, овој закон да биде разгледан на оваа седница.

Има збор господин Оливер Шамбевски, повелете.

**Оливер Шамбевски:** Благодарам претседателе.

Како што можете да видите од материјалот кој што е доставен во форма на Предлог на закон, станува збор за прилично техничка измена која во многу нешта ќе ја забрза имплементацијата на Законот кој што пред некој месец го донесовме. Но имајќи предвид дека има сериозни импликации во примената на Законот, од таму е итноста и неопходноста на оваа седница да биде донесен овој закон.

Ве молам, вас и целото Собрание да ја усвоите оваа моја молба. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Предлогот на пратеникот Оливер Шамбевски овој закон да се разгледа на оваа седница, го ставамна гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 80 пратеници, сите 80 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека предлогот на пратеникот Оливер Шамбевски е усвоен.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлогот за избор на потпретседателна Собранието на Република Македонија, Предлог на одлука за изменување и дополнување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседатели, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија, Предлог на одлука за дополнување на Одлуката за избор на шеф, членови и заменици на членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното Собрание на Организацијата за безбедност и соработка во Европа, Предлог на одлука за дополнување на Одлуката за Составот на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Интерпарламентарната Унија, Предлог на одлука за изменување и дополнување на Одлуката за избор на шеф, членови и заменици на членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарната димензија на Централноевропската иницијатива, Предлог на одлука за дополнување на Одлуката за избор на шеф, членови и заменици членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното Собрание на Северноатланската договорна организација, Предлог на одлука за дополнување на Одлуката за избор на шеф, членови и заменици на членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Западноевропската унија со статус на придружен асоцијативен партнер, Предлог на одлука за дополнување на Одлуката за избор на шеф, членови и заменици членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното Собрание на Медитеранот, Предлог на одлука за дополнување на Одлуката за избор на претседател, потпретседатели, членови и заменици членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот Комитет за стабилизација и асоцијација, Предлог на одлука за дополнување на Одлуката за избор на шеф, членови и заменици членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното Собрание на Советот на Европа, Предлог на одлука за дополнување на Одлуката за избор на членови на Комитетот за односи меѓу заедниците, Предлог на одлука за изменување на претседател, потпретседател и членови на Националниот Совет за евроинтеграции, Предлог на одлука за избор на претседател и членови на Буџетскиот Совет на Собранието на Република Македонија, Предлог на одлука за избор на претседател и членови на Советот на Собраниски Канал, Предлог на одлука

за разрешување од функцијата заменик на генералниот секретар на Собранието на Република Македонија и Предлог на одлука за именување на заменик на генералниот секретар на Собранието на Република Македонија.

Предлозите ви се поделени.

Заради рационалност претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата ќе ги образложи сите предлози, а гласањето ќе го вршиме за секојод нив одделно.

Го молам претседателот на Комисиајта за прашања на изборите и именувањата да ја образложи основната и неодложна потреба овие предлози да бидат разгледани на оваа седница.

Има збор претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата Илија Димовски, повелете.

**Илија Димовски:** Благодарам претседателе.

Со оглед на тоа што подолго време Собранието поради недоставување на предлози од страна на опозиционите партии, не можеше во целост да ги формира комисиите, а во ситуација кога коалицијата Сонце се врати со активна работа во Собранието на Република Македонија, ова е еден сплет од 16 точки кои што апсолутно ќе му овозможат на Собранието поефикасна работа, тука станува збор за дополнување на составот на работните тела со предлози од коалицијата Сонце и на делегациите за меѓународна соработка на Собранието на Република Македонија.

Покрај ова, во точките секако е и основањето на останатите собраниски тела кои што се од исклучително значење за функционирањето на Собранието,како што е Националниот совет за евроинтеграции, Собранискиот Канал и Буџетскиот Совет на Собранието на Република Македонија.

Од тие причини ценевме дека е потребно овие точки да бидат поставени на дневен ред на оваа седница. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Предлогот на Комисијата Предлогот за избор на потпретседател на Собранието на Република Македонија да се разгледаат на оваа седница го ставамна гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 82 пратеници, сите 82 гласаа за, нема воздржани,нема против.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата Предлогот на одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 86 пратеници, сите 86 гласаа за, нема воздржани,нема против.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата Предлогот на одлуката за дополнување на Одлуката за избор на шеф, членови и заменици членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното Собрание на Организацијата за безбедност и соработка во Европа, да се разгледа на оваа седница го ставамна гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 86 пратеници, сите 86 гласаа за, нема воздржани,нема против.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата Предлогот на одлуката за дополнување на Одлуката за Составот на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Интерпарламентарната унија да се разгледа на оваа седница го ставамна гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 85 пратеници, сите 85 гласаа за, нема воздржани,нема против.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата Предлогот на одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за избор на шеф, членови и заменици членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарната димензија на Централноевропската иницијатива да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 86 пратеници, сите 86 гласаа за, нема воздржани,нема против.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата Предлогот на одлуката за дополнување на Одлуката за избор на шеф, членови и заменици членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното Собрание на Северноатланската договорна организација да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 88 пратеници, сите 88 гласаа за, нема воздржани,нема против.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата Предлогот на одлуката за дополнување на Одлуката за избор на шеф, членови и заменици членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Западноевропската Унија со статус на придружен асоцијативен партнер да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 80 пратеници, сите 80 гласаа за, нема воздржани,нема против.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата Предлогот на одлуката за дополнување на Одлуката за избор на шеф, членови и заменици членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното Собрание на Медитеранот да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 89 пратеници, сите 89 гласаа за, нема воздржани,нема против.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата Предлогот на одлуката за дополнување на Одлуката за избор на претседател, потпретседател, членови и заменици членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот Комитет за стабилизација и асоцијација да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 88 пратеници, сите 88 гласаа за, нема воздржани,нема против.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата Предлогот на одлуката за дополнување на Одлуката за избор на шеф, членови и заменици членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното Собрание во Советот на Европа да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 86 пратеници, сите 86 гласаа за, нема воздржани,нема против.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата Предлогот на одлуката за дополнување на Одлуката за избор на членови на Комитетот за односи меѓу заедниците да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 86 пратеници, сите 86 гласаа за, нема воздржани,нема против.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата Предлогот на одлуката за именување на претседател, потпретседател и членови на Националниот Совет за евроинтеграции да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 87 пратеници, сите 87 гласаа за, нема воздржани,нема против.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата Предлогот на одлуката за избор на претседател и членови на Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 89 пратеници, сите 89 гласаа за, нема воздржани,нема против.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата Предлогот на одлуката за избор на претседател и членови на Советот на Собранискиот канал да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 87 пратеници, сите 87 гласаа за, нема воздржани,нема против.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата Предлогот на одлуката за разрешување од функцијата заменик на генералниот секретар на Собранието на Република Македонија да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 85 пратеници, сите 85 гласаа за, нема воздржани,нема против.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата Предлогот на одлуката за именување на заменик на генералниот секретар на Собранието на Република Македонија да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 83 пратеници, сите 83 гласаа за, нема воздржани,нема против.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1.Предлог за избор на потпретседател на Собранието на Република Македонија ;

2.Предлог на одлука за разрешување од функцијата заменик на генералниот секретар на Собранието на Република Македонија;

3.Предлог одлука за именување на заменик на генералниот секретар на Собранието на Република Македонија;

4.Предлог на одлука за изменување и дополнување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседатели, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија;

5.Предлог на одлука за дополнување на Одлуката за избор на шеф, членови и заменици на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното Собрание на Организацијата за безбедност и соработка во Европа;

6.Предлог на одлука за дополнување на Одлуката за Составот на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Интерпарламентарната унија;

7.Предлог на одлука за изменување и дополнување на Одлуката за избор на шеф, членови и заменици членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарната димензија на Централоевропската иницијатива;

8.Предлог на одлука за дополнување на Одлуката за избор на шеф, членови и заменици членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното Собрание на Северноатланската договорна организација;

9.Предлог на одлука за дополнување на Одлуката за избор на шеф, членови и заменици членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Западноевропската унија со статус на придружен асоцијативен партнер;

10.Предлог на одлука за дополнување на Одлуката за избор на шеф, членови и заменици членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Медитеранот;

11.Предлог на одлука за дополнување на Одлуката за избор на претседател, потпретседател, членови и заменици членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот Комитет за стабилизација и асоцијација;

12.Предлог на одлука за дополнување на Одлуката за избор на шеф, членови и заменици членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното Собрание на Советот на Европа;

13.Предлог на одлука за дополнување на Одлуката за избор на членови на Комитетот за односи меѓу заедниците;

14.Предлог на одлука за именување на претседател, потпретседател и членови на Националниот Совет за евроинтеграции;

15.Предлог на одлука за избор на претседател и членови на Буџетскиот Совет на Собранието на Република Македонија;

16.Предлог на одлука за избор на претседател и членови на Советот на Собранискиот канал;

17.Закон за изменување и дополнување на Законот за енергетика;

18.Закон за изменување и дополнување на Законот за експропријација;

19.Закон за изменување и дополнување на Законот за работни односи;

20.Закон за лобирање;

21.Закон за изменување и дополнување на Законот за адвокатура;

22.Закон за изменување и дополнување на Законот за надворешни работи;

23.Предлог за донесување на закон за ратификација на Конвенцијата за доставување во странство на судски и вонсудски акти во граѓански и трговски работи, со Предлог на закон;

24.Предлог за донесување закон за изменување на Законот за заштита на децата, со Предлог на закон;

25.Предлог за донесување закон за јавна чистота, со Предлог на закон;

26.Предлог за донесување закон за изменување на Законот за Јавното обвинителство, со Предлог на закон;

27.Предлог на програма за формирање на стоковните резерви за периодот 2008-2010 година;

28.Предлог на завршна сметка на Буџетот на Република Македонија за 2006 година;

29.Предлог на завршна сметка на Буџетот на Република Македонија за 2007 година;

30.Извештај за работата на Судскиот совет на Република Македонија;

31.Годишен извештај за работата на Народниот правобранител за 2007 година;

32.Годишен извештај за работата на Комисијата за заштита на конкуренцијата во 2007 година;

33.Предлог на одлука за одобрување на Годишниот финансиски план на Агенцијата за електронски комуникации за 2008 година;

34.Годишен извештај за работата на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер од 1 јануари до 31 декември 2007 година;

35.Извештај за работата на Комисијата за хартија од вредност во 2007 година.

36.Извештај за работата на Советот за радиодифузија за периодот од 1 јануари до 31 декември 2007 година.

37.Годишен извештај за работата на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија во 2007 година;

38. Предлог на одлука за давање согласност на утврдената стапка на надомест од вкупниот приход на друштвата кои вршат енергетска дејност за финансирање на работењето на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија за 2008 година и

39. Предлог на финансиски план на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија за 2008 година.

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред?

Ги повикувам пратениците кои имаат предлози за изменување и дополнување на дневниот ред да се пријават за збор.

Ви благодарам за збор се јави само пратеникот Андреј Жерновски и има збор господинот Андреј Жерновски, повелете.

**Андреј Жерновски:** Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници.

Ако грешам ќе ве замолам да ме поправите меѓутоа сум крајно изненаден што во денешниот дневен ред фали извештај на една многу популарна Комисија, Агенција како сакате и сакам на почетокот да ви потенцирам дека јас поздравив на координација тоа што вие одлучивте да имаме дневен ред на кои што ќе ги разгледаме сите извештаи кои што треба да ги разгледува Собранието и тоа го пофалив.

На мое големо изненадување на денешниот дневен ред уште еднаш ќе ве замолам да ме поправите ако грешам, фали нешто што вас веќе ви е доставено во прегледот, кога зборам од службите на Собранието, во прегледот за извештајот органите односно комисиите кои согласно Законот треба да достават извештај во Собранието на Република Македонија, фали случајно или не годишниот извештај за работата на Државната комисија за спречување на корупцијата во текот на 2007 година.

Сакам да искажам остар протест што селективно се одлучува овде кои извештаи ќе се гледаат кои не, односно постојат теми кои што одговараат на парламентарното мнозинство и теми кои што не одговараат на парламентарното мнозинство и секако тоа не е случајно. Во ова Собрание ќе се направи се да не се гледа извештајот на Антикорупциската комисија за да се прикријат аферите на ВМРО-ДПМНЕ за да се прикрие непотизмот на премиерот Груевски, за да се прикрие не пријавувањето, не доставувањето на анкетниот лист на братучедот на Груевски и се разбира да не се дискутира во ова Собрание за скандалозниот реизбор на актуелната претседателка на Антикорупциската комисија. Да ве потсетам претседателе, согласно член 49 став 1 алинеја 10 од Законот за спречување на корупцијата таа поднесува годишен извештај за својата работа и за превземените мерки и активности до Собранието на Република Македонија. Исто така согласно Законот за спречување на судири и интереси член 21 став 1 алинеја 4, Државната комисија за спречување на корупцијата поднесоа извештај за својата работа и превземените мерки и активности до Собранието на Република Македонија. Да ве потсетам, дека тој е доставен веќе во Собранието на 31.03.2008 година односно доставен е на 01.04.2008 година.

Ве молам да ми одговорите зошто тоа го нема и барам да биде ставен извештајот за работата на Антикорупциската комисија, ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Пред да го ставам вашиот предлог на гласање сакам да ви дадам едно појаснување.

Прво, може ли да се слушаме господине Жерновски бидејќи побаравте појаснување.

Прво, самите вие прочитавте дека доставува годишен извештај, на Собранието не е должно да расправа по тој извештај и да донесува заклучок. Не само во Државната комисија за спречување на корупцијата, туку и на други органи доставени се извештаи до Собранието на Република Македонија. Но согласно законските прописи за одредени извештаи Собранието мора да ги разгледа и да донесе одредени заклучоци како што се извештаите од Комисијата за заштита на конкуренцијата, во извештајот од Народниот правобранител и да не ги редам сите други. Јас како претседател ги добив сите извештаи кои што беа претходно доставени уште во претходниот парламентарен состав. Во разговор со стручните служби ми укажаа на овие законски одредби дека овие извештаи кои се ставени на оваа седница ние како Собрание сме обврзани да ги разгледаме и по тие извештаи да донесеме соодветни заклучоци. Додека по овој извештај кој што е доставен од Државната комисија за спречување на корупцијата нема обврска Собранието да го разгледа и да донесува одредени заклучоци. Јас до сите пратеници ги доставив сите извештаи и до вас е стигнат тој извештај господине Жерновски доколку имам предлог од некоја Комисија да се разгледа тој извештај и да се донесе по тој извештај одреден заклучок јас ќе го ставам на гласање, ќе се стави на Собранието на некоја седница, но ние како Собрание не сме обврзани да го разгледуваме тој извештај и да донесуваме одредени заклучоци. Тоа е моето појаснување и сметам дека треба да се издвојат извештаи од органи кои што мора Собранието да ги разгледа и да донесе заклучоци и извештаи од органи кои што Собранието само ги разгледува.

Согласно тоа јас постапив по тие законски прописи и одредби и овие извештаи што се ставени на оваа седница сме обврзани ние да ги разгледуваме. Затоа ако сакате, еве пак сте се пријавиле за збор, јас претходно би го ставил на гласање вашиот предлог, несомнено вие дека имате право да доставите предлог за дополнување на дневниот ред. Повелете.

**Андреј Жерновски:** Претседателе, јас знаев што ќе одговорите, веќе доволно се познаваме.

Прво, имаме проблем сериозен во тоа како вие го толкувате Деловникот. Тоа што вие го толкувате Деловникот и вие ги толкувате законските обврски не значи дека тоа е така. На крајот на краиштата бидејќи знаев што ќе ми одговорите ќе ви кажам нешто на кое што не можете да ми одговорите. Вие досега се упатувате на една работа и на координација и гледам околу тоа ќе го кажете однапред, знам ќе кажете околу амандманската расправа односно дали може да има амандманска расправа кога претседателот на државата ќе ги

врати или нема да ги потпише законите. Вие ќе ја употребите следната фраза, тоа впрочем било традиција и на претходниот Парламент и се работело според претходниот договор. Ако е така тогаш јас ќе ви кажам дека, бидејќи вие сакате да ја почитувате традицијата од претходниот состав, ние го гледавме извештајот на Антикорупциската комисија. Значи повторно селективно го бирате тоа што ви се допаѓа, тоа што не ви се допаѓа не го бирате.

Број два, имате повторно грешка за која немате одговор, во овие извештаи кои ги имате ставено го имате годишниот извештај за 2007 година на Народниот правобранител за кој што ако прочитате вели дека го информира Собранието на Република Македонија, но тој не одговара пред Собранието. Значи вие имате нешто каде што вие толкувате дали треба или не да биде ставено, но се разбира тоа не е тема вас што ве засега, односно не ви смета. Значи тој не одговара пред Собранието на Република Македонија да потенцира на крај, дека ако согласно законите што овде се изгласани ние ја бираме Антикорупциската комисија и претседател и ако таа одговара пред работата на Собранието тогаш која е логиката да не ги гледаме извештаите. На кого одговара тогаш ако не ги гледаме извештаите и кој е моделот на кој што одговара. Значи прво да завршам вие имате традиција од претходниот состав каде што го гледавме и се дискутираше, можеби на тогашната власт тогаш не и одговараше, па се гледаше затоа што тоа беше обврска.

Второ вие имате ставено нов извештај за кој што Собранието нема потреба да го разгледува односно нема обврска односно ако сакате од Народниот правобранител кој што воопшто не одговара пред Собранието за својата работа.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Јас го кажав моето мислење по вашиот предлог, но на крај сепак Собранието ќе го каже конечниот.

Предлогот на господин Андреј Жерновски како точка на дневен ред да се дополни дневниот ред со Годишен извештај за работата на Државната комисија за спречување на корупција за 2007 година.

Го ставам предлогот на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 78 пратеника, за гласаа 22, воздржани 32, против 24.

Констатирам дека не е усвоен предлогот.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

По предложениот дневен ред вкупно гласаа 84 пратеници. Од нив за гласаа 81 пратеник, воздржан 1, против 2

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Пред да преминеме на расправа по точките од дневниот ред, ве потсетуваме дека согласно член 80 ставови 2 и 3 од Деловникот на Собранието пратениците се пријавуваат за збор во рок од една минута по отворањето на претресот.

Листата на пратениците не може да се менува и дополнува во текот на претресот.

Едновремено, ве известуваме дека согласно член 85 став 3 од Деловникот на Собранието претеникот кој се пријавил за збор, а не е присутен во салата кога е повикан да говори, го губи правото на збор за претресот за кој се пријавил и не може повторно да се пријави за истиот претрес.

Согласно член 86 од Деловникот на Собранието пратеник во текот на претресот може да говори само еднаш во траење од 10 минути, известителот на матичното работно тело и на Законодавно-правната комисија 10 минути, координаторот на пратеничката група и предлагачот, може да говорат повеќе пати, но не повеќе од 15 минути вкупно.

**Минуваме на точка 1 - Предлог за избор на потпретседател на Собранието на Република Македонија**

Предлогот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата за кандидат за потпретседател на Собранието на Република Македонија ви е поделен.

Согласно член 67 став 1 од Уставот на Република Македонија, Собранието избира поптретседател на Собранието со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници во Собранието.

Отворам претрес по предлогот Јани Макрадули да биде избран за потпретседател на Собранието.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по предлогот да се пријават за збор.

Пријавени за збор се господин Жерновски Андреј и господин Николовски Алексанадар.

Збор има господини Жереновски Андреј, повелете.

**Андреј Жерновски:** Благодарам претседателе.

Се разбира ова Собрание има и добри работи нема само лоши работи сосема накратко.

Прво да ја пофалам целата идеа или ако сакате целиот проект да опозицијата даде потпретседател на Собранието на Република Македонија го сметам тоа за добар потег и го сметам за аргумент со кој што ќе можеме во сите средби со нашите пријатели од меѓународната заедница да кажеме дека нашето Собранието направило чекор од тој аспект кон создавање на една демократкса атмосфера во Парламентот и од тој аспект сакам да го поздравам.

Второ се разбира сакам да кажам дека предлогот е добар и дека ние ќе го гласаме, јас имав можност со господинот Макрадули да работам во

двата претходни парламентарни состави, тој е колега кој што добро ја познава материјата, сметам дека успешно ќе ја врши својата работа, се разбира секогаш е тешко да се зборува за колега кој што истовремено ви е и пријател, но чуствувам едноставно обврска да кажам зошто ќе гласам и да покажам дека досега сум имал одлична соработка и дека таа пред се била таква затоа што познавањето на материјата на работата во Собранието му била на господинот Макрадули појака страна. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Збор има господин Николовски Александар, повелете.

**Александар Николовски:** Благодарам претседателе.

Моето обраќање ќе биде во сличен тон како она на колегата Жерновски, би сакал да ја поздравам оваа пракса која што се воведува согласно новиот Деловник да и опозицијата има потпретседател. Сметам дека е добра за демократијата во Република Македонија воопшто, денес тоа е СДСМ еден ден веројатно ќе биде ВМРО-ДПМНЕ или некоја друга политичка партија, добро е што е така затоа што на тој начин даваме уште еден демократски тон во Собранието на Република Македонија. Исто така би сакал да кажам дека ВМРО-ДПМНЕ апсолутно го подржува персоналното решение кое што е подржано и сметам дека ќе имаме еден доста квалитетен потпретседател кој што и досега како шеф на пратеничката група на СДСМ покажа дека одлично ги познава работите во Собранието, секако не секогаш на задоволство на ВМРО-ДПМНЕ како добар противник, но се надевам дека ќе имаме уште поуспешна работа со вакво квалитетно решение како потпретседател на Собранието. Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ ќе го подржи решението, ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот е завршен.

Предлогот пратеникот Јани Макрадули да биде избран за потпретседател на Собранието на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За предлогот пратеникот Јани Макрадули да биде избран за потпретседател на Собранието на Република Македонија вкупно гласаа 80 пратеници, од нив за гласаа сите 80 пратеници, од гласањето не се воздржа никој, не гласаше против никој.

Констатирам дека пратеникот Јани Макрадули е избран за потпретседател на Собранието на Република Македонија

(Аплауз)

Дами и господа пратеници, почитувани гости, дозволете ми во Ваше и мое име на Јани Макрадули да му го честитам изборот за потпретседател на Собранието на Република Македонија и да му посакам успех во работата.

Го молам потпретседателот на Собранието да даде свечена изјава.

Го молам потпретседателот на Собранието да го повторува по мене текстот на свечената изјава.

Ве молам сите да станеме.

(Сите присутни во салата стануваат)

Изјавувам дека функцијата потпретседател на Собранието на Република Македонија ќе ја вршам совесно и одговорно и ќе ги почитувам Уставот и законите на Република Македонија.

Го молам потпретседателот на Собранието да ја потпише свечената изјава.

(Потпретседателот на Собранието ја потпишува свечената изјава.).

(Аплауз)

**Минуваме на точка 2 - Предлог на одлуката за разрешување од функција заменик на генералниот секретар на Собранието на Република Македонија**

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес по предлогот Музафер Камбери да биде разрешен од функцијата заменик на генералниот секретар на Собранието на Република Македонија.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на одлуката да се пријават за збор.

Бидејќи нема пријавени за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на одлуката е завршен.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 70 пратеници, од нив за Предлогот на одлуката гласаа 68, воздржани 2, против нема.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за разрешување на Музафер Камбери од функцијата заменик на генералниот секретар на Собранието на Република Македонија.

**Минуваме на точката 3 - Предлог на одлука за именување на заменик на генералниот секретар на Собранието на Република Македонија.**

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отварам претрес по предлогот Афет Мамути да биде именуван за заменик на генералниот секретар на Собранието на Република Македонија.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на одлуката да се пријават за збор.

Бидејќи нема пријавени за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на одлуката е завршен.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 82 пратеници, сите 82 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за именување на Афет Мамути за заменик на генералниот секретар на Собранието на Република Македонија.

**Миинуваме на точка 4 - Предлог на одлука за изменување и дополнување на одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија.**

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отварам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на одлуката да се пријават за збор.

Бидејќи нема пријавени за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на одлуката е завршен.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 79 пратеници. Од нив за Предлогот на одлуката гласаа сите 79, од гласањето не се воздржа никој, против нема никој.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија.

**Минуваме на точка 5 - Предлог на одлука за дополнување на одлуката за избор на шеф, членови и заменици членови на делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Организацијата за безбедност и соработка во Европа.**

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отварам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на одлуката да се пријават за збор.

За збор не се пријави никој.

Процедурално се јави госпоѓа Роза Топузова-Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе.

Со оглед дека следуваат уште значителен број за носење на одлуки, сакам процедурално да предложам да оваа минута што ја чекаме и седиме тука и со тоа ги кочиме реформите на Владата за нејзиното успешно работење, за овој случај, кога се носат одлуки не важи, односно можеме да изгласаме да не се чека една минута затоа што следуваат уште 12-тина одлуки. Замислете 12 минути чекање, што тоа значи за реформите во Македонија и за работата на Владата.

Поради тоа предлагам, оние кои сакаат да се пријават за дискусија по одлукаите да се пријават во една минута и потоа да се знае, да не го губиме времето безполезно, со едноминутно молчење при носењето на секоја одлука. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Добро, мислам дека не би требало со сарказам да ги гледаме одредбите од Деловникот. Одредени одреби од Деловникот без оглед дали некому се допаѓаат или не, треба да ги почитуваме, без оглед дали се работи за закон или за одлука.

Бидејќи нема пријавени за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на одлуката е завршен.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 81 пратеници, сите 81 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за дополнување на Одлуката за избор на шеф, членови и заменици на членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Организацијата за безбедност и соработка во Европа.

**Минуваме на точката 6 - Предлог на одлука за дополнување на Одлуката за составот на делегацијата на Собранието на Република Македонија во Интерпарламентарната унија.**

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отварам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на одлуката да се пријават за збор.

Бидејќи нема пријавени за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на одлуката е завршен.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 73 пратеници, од нив 72 гласаа за, воздржан 1, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за дополнување на Одлуката за составот на делегацијата на Собранието на Република Македонија во Интерпарламентарната унија.

**Минуванме на точката 7- Предлог на одлука за изменување и дополнување на Одлуката за избор на шеф, членови и заменици членови на делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарната димензија на Централноевропската иницијатива.**

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отварам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на одлуката да се пријават за збор.

Бидејќи нема пријавени за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на одлуката е завршен.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 65 пратеници, сите 65 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за изменување и дополонување на Одлуката за избор на шеф, членови и заменици членови на делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарната димензија на Централноевропската иницијатива.

**Минуваме на точката 8 - Предлог на одлука за дополнување на Одлуката за избор на шеф, членови и заменици членови на делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Северноатланската договорна организација**

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отварам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на одлуката да се пријават за збор.

Бидејќи нема пријавени за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на одлуката е завршен.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 63 пратеници, сите 63 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за доловнување на Одлуката за избор на шеф, членови и заменици членови на делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Севрноатланската договорна организација.

**Минуваме на точката 9 - Предлог на одлука за дополнување на Одлуката за избор на шеф, членови и заменици членови на делегацијата на Собранието на Република Македонија во Западноевропската унија со статус на придружен асоцијативен партнер.**

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отварам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на одлуката да се пријават за збор.

Бидејќи нема пријавени за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на одлуката е завршен.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 70 пратеници, сите 70 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за дополнување на Одлуката за избор на шеф, членови и заменици членови на делегацијата на Собранието на Република Македонија во Западноевропската унија со статус на придружен асоцијативен партнер.

**Минуваме на точката 10 - Предлог на одлука за дополонување на Одлуката за избор на шеф, членови и заменици членови на делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Медитеранот.**

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отварам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на одлуката да се пријават за збор.

Бидејќи нема пријавени за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на одлуката е завршен.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 71 пратеници, сите 71 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за дополонување на Одлуката за избор на шеф, членови и заменици членови на делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Медитеранот.

**Минуваме на точката 11 - Предлог на одлуката за дополнување на Одлуката за избор на претседател, потпретседатели, членови и заменици членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот Комитет за стабилизација и асоцијација.**

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на одлуката да се пријават за збор.

Бидејки нема пријавени за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на одлуката е завршен.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 69 пратеника, сите 69 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за дополнување на Одлуката за избор на претседател, потпретседатели, членови и заменици членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот Комитет за стабилизација и асоцијација.

**Минуваме на точката 12 - Предлог на одлука за дополнување на Одлуката за избор на шеф, членови и заменици членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното Собрание на Советот на Европа.**

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам пртрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на одлуката да се пријават за збор.

Бидејки нема пријавени за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на одлуката е завршен.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 72 пратеника, сите 72 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за дополнување на Одлуката за избор на шеф, членови и заменици членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното Собрание на Советот на Европа.

**Минуваме на точката 13 - Предлог на одлука за дополнување на Одлуката за избор на членови на Комитетот за односи меѓу заедниците.**

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на одлуката да се пријават за збор.

Бидејќи нема пријавени за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на одлуката е завршен.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 76 пратеника, сите 76 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за дополнување на Одлуката за избор на членови на Комитетот за односи меѓу заедниците.

**Минуваме на точката 14 - Предлог на одлука за именување на претседател, потпретседател и членови на Националниот совет за евроинтеграции.**

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на одлуката да се пријават за збор.

Бидејки нема пријавени за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на одлуката е завршен.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 75 пратеника, сите 75 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за именување на претседател, потпретседател и членови на Националниот совет за евроинтеграции.

**Минуваме на точката 15 - Предлог на одлука за избор на претседател и членови на Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија.**

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на одлуката да се пријават за збор.

Има збор госпоѓа Роза Топузова Каревска.

**Роза Типузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, на почетокот на работата на мандатот на овој парламентарен состав Собранието донесе Одлука за основање на Буџетски совет на Собранието на Република Македонија. Јас и тогаш се јавив и ја поздравив оваа одлука, сметајки дека тоа е добро за осамостојување на Собранието, односно Собранието да го добие, ако ништо повеќе она место што го има според Уставот. А се надевам дека со прифаќањето на интервенциите кои што ќе ги имаме во Деловникот и ќе можеме да говориме дека Собранието ќе биде како што вети претседателот, храм на демократијата во Република Македонија.

Мислам дека е добро што веќе имаме претставници кои што ќе бидат во овој Буџетски совет на Собранието и дека тие ќе работат во интерес на Собранието, а не во интерес на Владата, а работејки во интерес на Собранието ќе работат и во ионтерес на граѓаните на Република Македонија, со тоа да имаме поефикасен Парламент. Особено е значаен овој Совет, затоа што мислам дека претставува прв чекор кон осамостојување финансиско на Собранието што е од големо значење дотолку повеќе што веќе ги имаме измените во Деловникот околу главата 9 на која патем имам забелешки. Меѓутоа, тоа кога ќе говориме за Деловникот за да можеме навистина поефикасно да работиме, да ги читаме, следиме и интервенираме во законите. Знаеме дека Собранието се соочува со голем број финансиски проблеми и пред се во насока на вработени во службите кои што доколку тука не се интервенира и немаме поголем број на вработени и едуцирани кадри, навистина многу тешко ќе може да се спроведува Деловникот кој што парламентарното мнозинство адхок го донесе на една од седниците кога опозицијата не беше во Парламентот. Мислам дека ова е добра работа што ја носиме оваа одлука. Очекувам што е

можно побрзо да профункционира Буџетскиот совет да не биде само одлука донесена за да исполниме некоја обврска која што од нас ја побара и меѓународната заедница.

Ќе дадам поддршка на оваа одлука и пратеничката група на Либерално демократската партија ќе гласа позитивно за носењето на одлуката. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејки е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на одлуката е завршен.

Предлогот на одлуакта го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 71 пратеник, сите 71 пратеник гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на претседател и членови на Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија.

**Минуваме на точка 16 - Предлог на одлука за избор на претседател и членови на Советот на собраниски канал.**

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на одлуката да се пријават за збор.

Бидејки нема пријавени за збор, констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на одлуката е завршен.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 70 пратеника, сите 70 пратеници гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на претседател и членови на Советот на собраниски канал.

Пред да продолжиме понатаму, ја прекинувам седницата и продолжуваме со работа во 13,15 часот.

Ги повикувам потпретседателите и координаторите на пратеничките групи на координација во Охридска сала.

(Пауза од 12,42 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 13,42 часот)

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме со работа.

**Минуваме на точка 17 - Закон за изменување и дополнување на Законот за енергетика**

Законот и дописот на претседателот на Република Македонија со кој известува дека не го потпишува Указот за прогласување на Законот ви се доставени.

Овој закон е ставен на дневен ред врз основа на член 75 став 3 од Уставот на Република Македонија, а во врска со известувањето на претседателот на Република Македонија на 4 август 2008 година дека одлучил да не го потпишува Указот за прогласување на овој закон.

Собранието, согласно член 75 став 3 од Уставот на Република Македонија повторно треба да го разгледа законот односно само да го разгледа бидејќи законот е донесен.

Ве известувам дека на Законот за изменување и дополнување на Законот за енергетика примени се три амандмани од пратениците Марјанчо Николовски, Цветанка Иванова, Јани Макрадули и Весна Бендевска согласно член 165 став 1 од Деловникот на Собранието на Република Македонија амандмани можат да се поднесуваат само на Предлог на закон. Во Деловникот не постои одредба од која произлегува право на пратеникот да поднесува амандмани на Закон кој веќе е донесен и ставен на повторно разгледување на седница на Собранието согалсно член 75 став 3 од Уставот на Република Македонија. Со оглед на наведената одредба на Деловникот примените амандмани од пратениците Марјанчо Николовски, Цветанка Иванова, Јани Макрадули и Весна Бендевска не може да се внесат во процедура и по истите да се води претрес. Значи ќе имаме расправа и ништо повеќе од тоа.

Отворам претрес по законот.

Процедурално претходно бара госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам претседателе.

Денеска Собранието на Република Македонија уште еднаш по кој знае кој пат го крши Деловникот и Уставот на Република Македонија поточно го крши Уставот и тоа членот 75 став 3 и Деловникот членот 179 став 2.

Почитуван господине претседателе, почитувани колеги пратеници,

Денес имаме на дневен ред разгледување на закони на кои што претседателот на Република Македонија го искористил своето уставно право и не ги потпишал указите на овие шест закони кои ш

то следуваат на дневен ред. Постапката за супстезивното вето и постапката по која што треба да постапува во овој случај Собранието е регулирана со Уставот членот 75 став 3 и со Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија. Имено супстезивното вето значи можност претседателот на државата да врши последна контрола на законите кои ги донесува Собранието на Република Македонија и тоа не е институт кој што ние сме го измислиле, тоа е работа, институт на демократијата каде што Уставот пропишал можност во случај како што се овие шест закони кога парламентарното мнозинство донесе некои решенија кои што се штетни или кои што се недоречени или кои што ќе предизвикаат штетни последици при имплементацијата да не го потпише указот на законот и овој закон да не се објави со тоа да не стане закон.

Со Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија, бидејќи новиот деловник викаме одредбите кои што важат за оваа работа се со одложна примена, во стариот Деловник член 179 ставот 2 заради времето само ќе го цитирам тој став е пропишано: “ако претседателот на Републиката одлучи да не го потпише указот за прогласување на законот Собранието повторно го разгледува Предлогот на законот”. Значи Деловникот сам си регулирал, тоа е стариот Деловник, регулирал дека претседателот односно дека законот по непотпишувањето од страна на претседателот се враќа во фаза на Предлог на закон. Тоа е одредба од стариот Деловник која што важи. Ако е така, ако е уредена фазата, затоа што Уствот не може да ги уредува фазите во кои што ќе се разгледува законот, тоа е материја што ќе се регулира со Деловникот. Ако е така...

**Трајко Вељаноски:** Ве молам да приврште.

**Цветанка Иванова:** Претседателе, ќе привршам, ама пак ќе земам процедурално збор.

**Трајко Вељаноски:** За три минути имавте можност да ги искажете сите неправилности. Сега не може за некој да има повеќе пати да збори и повеќе од три минути. Ве молам еве уште за петнаесет секунди привршите.

**Цветанка Иванова:** Добро, јас ја користам приликата повторно да се јавам и да продолжам таму каде што застанав затоа што сум упорна и ќе ви докажам и секако и Уставниот суд ќе ви докаже дека ова денеска кое што го правиме во Собранието е кршење и на Уставот и на Деловникот. И на стариот и на новиот. Ќе земам право повторно.

**Трајко Вељаноски:** Во тие три минути можевте сите неправилности на примена на одредбите да ги кажете.

Инаку сакам да укажам дека и самите вие укажавте дека амандмани може да се поднесе на Предлог на закон. И така од страна на некои пратеници во архивата се заверени амандмани на Предлог на закон. Но, кога се утврдуваше дневниот ред Собранието го изгласа дневниот ред со 82 гласа за, во кој што како 17 точка вика - Закон за изменување и дополнување на Законот за енергетика. Нигде во ниедна одредба во Деловникот не е предвидено на закон да може да поднесе Собранието односно пратениците, амандмани. Инаку, супсезивното право што го има претседателот на државата го искажува до пратениците и не е обврзувачки за Собранието неговото мислење. По разгледување на законот Собранието одлучува и се произнесува дали ги прифаќа забелешките од страна на претседателот на државата или не ги прифаќа. Сме имале случаеви каде што биле прифатени забелешките од претседателот на државата во своето писмено изјаснување до Собранието, имаме случаи каде што не ги прифаќа. Таков беше случајот кај Законот за пратениците каде што и вие многу знаете и прошлиот пат кога се расправаше по Законот за употреба на јазик немаше можности на амандмани затоа што така е по Уставот и тогаш ви беше истото образложение кажано и тогаш немаше можност за амандмани за да може да ги разгледува Собранието. И врз основа на разгледувањето, на општата расправа Собранието се произнесува по мислењето од страна на претседателот на државата. Имаме случаи каде што Собранието ги прифатило забелешките од претседателот на државата, тоа беше 2006 година по Законот за стечајците каде што Собранието не го изгласа законот затоа што сметаше дека се во ред забелешките од претседателот на државата. Врз основа на општата расправа кој што може секој пратеник да го каже своето мислење за самиот закон, значи за самиот закон не за предлогот на законот, за самиот закон Собранието на крај одлучува и постапува на тоа, прифаќајќи ги забелешките со неизгласувањето на законот или неприфаќајќи на забелешките со изгласувањето на законот. Тоа е процедурата и не гледам зошто се менува процедурата која што била во 2005 година за Законот за пратениците, кога била по Законот, условно да кажам, називот беше друг на Законот за стечајните работници, кога било за 4 Август за Законот за употреба на јазиците што го зборуваат граѓаните од 20% во Република Македонија единиците на локалната самоуправа сега одеднаш се менува барањето од ваша страна да се има можности за амандмани. Нигде во ниедна одредба во Деловникот не пишува дека на закон може пратеник да поднесе амандмани.

Процедурално бараше господин Николов Марјанчо, повелете.

(Реакција на пратеникот Цветанка Иванова од место)

Ќе добиете процедурално кога ќе завршат другите.

Се извинувам господине Марјанчо Николов, на процедурално, на појаснувањето од страна на претседателот нема реплика. Каде пишува во Деловникот дека има реплика на појаснувањето. Никаде не пишува, кажете во кој член.

Продолжете. Има збор господиниот Марјанчо Николов, повелете.

**Николов Марјанчо:** Благодарам претседателе.

Мојата процедурална забелешка е во контекст на она што го зборуваше колешката Цветанка Иванова. Значи, вие се обидовте да направите една деловничка манипулација со тоа што во дневниот ред законите кои што ги врати претседателот и што не ги потпиша ги внесовте како закони, а не како предлози на закони повикувајќи се на Уставот. И тоа е во ред, меѓутоа мислам дека основен акт според кои што се регулирани правилата, по кои што работи Собранието е Деловникот врз основа на одредбите од Уставот.

Во членот 179 ставот 2 од Деловникот јасно стои “ако претседателот на Републиката одлучи да не

го потипше указот на прогласување на законот Собранието повторно го разгледува предлогот на законот во рок од 30 дена од денот на донесување на законот". И вие како претседател на Собрание сте должни да работите според Деловникот на Собранието. Вашите објаснувања од типот дека претхдоно така се правело или дека имало претхдно таква процедура во овој случај не држат.

Цениме дека се работи за многу важни, значајни закони кои директно навлегуваат и во делот на пазарната економија и директно навлегуваат во интересите на граѓаните пред се на работниците. Во таа смисла цениме дека согласно членот 179 став 2 вие треба законите да ги вратите во Собранието како предлог на закони. Затоа барам да ја свикате Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања да изврши толкување на членот 179 ставот 2, а потоа Собранието да продолжи со својата работа бидејќи сметаме дека Деловникот се крши и дека не се работи согласно истиот. Во Уставот тоа го знаете и вие, се дадени општите одредби како ќе се постапува по одредени постапки, додека Деловникот попрецизно ги регулира тие постапки и тука јасно кажувам дека ако претседателот не го потпише законот се враќа во Собранието како Предлог на закон и ние имаме по тој основ да поднесуваме амандмани. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Истото појаснување што го дадов на госпоѓата Цветанка Иванова можам и вас да ви го кажам. Самите вие укажавте дека точка на дневен ред е Закон за изменување и дополнување на Законот за енергетика. Нигде не пишува во дневниот ред дека расправаме по Предлог на закон. Согласно Деловникот може да се поднесе амандмани на Предлог на закон. На закон нема нигде деловничка основа за поднесување на амандмани. Значи истото објаснување што го дадов претходно важи и за вас.

(Реакција од пратеникот Марјанчо Николов)

Во однос на вашето барање за заседавање, член 60 вели: "претседателот на Собранието се грижи за примена на Деловникот и дава појаснување во врска со неговата примена за што може да побара мислење од Комисијата да деловничко мандатни имунитетни прашања". Од моја страна нема потреба од мислење од Комисијата да деловничко мандатни имунитетни прашања.

Процедурално побара господин Жерновски Андреј, повелете.

**Андреј Жерновски:** Благодарам претседателе.

Се разбира дека ќе ги почитувам своите минути јас сметам дека е доволно за три минути пратеник да каже што смета дека не чини или не е во согласност со Деловникот. За мене е сосема јасен исходот од оваа дебата, јасна е намерата ваша да нема амандманска расправа и сосема е јасно дека ќе ги изгласате овие закони. Значи тука немам некои други очекувања.

Многу е битно една друга работа, а тоа е да видиме кој ќе ја сноси одговорноста за непочитувањето на Уставот односно на Деловникот или ако сакате во превод кој ќе го скрши денеска Уставот и Деловникот затоа што граѓаните мора да знаат, оние што не бираат нас овде кој ќе ја сноси одговорноста. Јас затоа за да нема дилеми кој е ставот мој личен ќе го читам членот 173 од новиот Деловник, јас се уште ќе го наречам вашиот Деловник затоа што ќе ја чекам процедурата кога ќе изгласаме Деловник кој што сите ќе го подржиме или ќе овозможите да има измени и дополнувања.

Во членот 173 се вели: "по повторното разгледување на Законот амандманите можат да се поднесуваат само во врска со укажувањето на претседателот на Републиката". Мене ми се допаѓа овој дел затоа што се согласувам дека и не треба да се дискутира за целиот закон туку за оној дел каде претседателот кажува дека има забелешки. Тоа е добро, но во самиот Деловник е оставена можноста да има амандманска расправа и амандмани колку што знам се поднесени од колегите токму во оној дел каде што има забелешки. Инаку не гледам смисол зошто би постоело право така наречено вето на претседателот ако нема право да се интервенира во текстот односно да се поправи текстот.

Според мене, уште ќе кажам пред сите колеги, пред јавноста тоа што го кажав и на координација, сакам да бидам доследен, проблемот кај нас е што ние немаме некој договор за работа и секој си ги толкува на свој начин одредбите од Деловникот и Уставот, меѓутоа утре кога ќе ги смениме улогите ние за жал ги менуваме и диксусиите. Па така мојата дискусија опозициска станува дискусија на идната опозиција, а дискусии на сегашното парламентарно мнозинство стануваат дискусии на идното парламентарно мнозинство и додека ние не постигнеме договор дека треба да се почитува тоа ние ќе имаме вакви различни толкувања на Деловникот. Но пак на крај ќе кажам и со тоа и завршувам се надевам дека сте свесни, ќе мора да ја превземете одговорноста за тоа што денеска ќе го скршите Уставот односно Деловникот. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Инаку, во однос на членот 173 кој што вие го прочитавте од новиот Деловник усвоен од Собранието на Република Македонија не би требало никогаш да идеме со таа формулација што вие и други пратеници го кажуваат ваш или наш Деловник. Тоа е Деловник на Собранието на Република Македонија без оглед кој го изгласал. Значи таа одредба од Деловникот, 173 се однесува во однос на глава 9 од новиот Деловникот кој ќе се применува од 21 октомври 2008 година.

Има процедурално госпоѓа Миракоска Соња, повелете.

**Соња Миракоска:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани колеги.

Јас и прв пат кога се вративме во Собранието исто така зборував за ова ваше непочитување на институцијата претседател и механизмот што значи повторно разгледување на забелешките од страна на претседателот по одредени одредби или одреден закон, непотпишување од негова страна, но последниот збор е секогаш ваш без разлика дали ќе зборуваме по член 173 по новиот Деловник, или 179 кој е малку поповолен, од стариот Деловник. Сметам дека еден таков механизам нема никаква смисла ако не се расправа амандмански по одредбите кои претседателот смета дека не се во ред и тоа е направено од страна на опозицијата и сметам дека вие треба да дозволите една таква амандманска расправа затоа што само така може да се поправи законот. Не се согласувам со вас дека може после расправа во Собранието, ќе ве замолам може ли да се слушаме.

**Трајко Вељаноски:** Ве молам да се слушаме.

**Соња Миракоска:** Не се согласувам со вас дека после расправа по законот може да се одбие целиот закон ова нема да се случи, но зошто да не се поправи. Ние не се согласуваме целиот закон да не се прифати и целиот закон практично да излезе од собраниска процедура, затоа сметаме дека треба да дозволите поправање. Ќе ви кажам еден сосема банален пример, замислете една ваква ситуација, ви даваат да поправите пегла ама не ви даваат штрафцигер или било каков инструмент, треба да го направите со раце. Тоа вие во моментот нам ни го правите. Не и дозволувате никаков механизам за да можеме да се обидеме да го поправиме законот. Најбанално кажано. Затоа протестирам на вашето тумачење на член 179 од Деловникот на ова Собрание.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Инаку и претходно кажав. Значи, можно е Собранието да ги прифати забелешките од претседателот на државата дадени по однос на одреден закон и да не го изгласа законот. Сме имале случаеви јас го кажав случајот каде што популарно наречен закон за стечајците прифатени беа од страна на Собранието претходниот парламентарен состав и не беше изгласан законот. И таа можност сега постои по општата расправа во произнесувањето не се пропратени по одредбите од законот, по мислењето доставено од претседателот на државата на крај да се произнесе дали го прифаќа или не го прифаќа забелешките и самиот закон.

Со оглед на тоа што е 14,02 часот ја прекинувам седницата и давам пауза до 15,00 часот.

Продолжуваме во 15,00 часот.

(По паузата седницата продолжи во 15,10 часот)

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме со работа.

Процедурално се јави госпоѓа Роза Топузова-Каревска, повелете.

**Роза Топузова-Каревска:** Благодарам почитуван претседателе.

Сакам да интервенирам прозедурално за точките кои следуваат на дневниот ред односно за законите кои што не се потпишани од страна на претседателот и треба да дебатираме, но во меѓувреме сакам да интервенирам уште за една работа, затоа што според договорот во 15,00 часот требаше да почне седницата, очигледно дека овие 15 минути се потрошија за чекање да се вратат од ручек пратениците од парламетарното мнозинство. Се надевам дека во иднина ќе бидеме поекспедитивни...

**Трајко Вељаноски:** Сите пратеници беа на ручек, не само од позицијата.

**Роза Топузова - Каревска:** Еве ги тука се другите , јас се извинувам. Се надевам дека ќе бидеме поекспедитивни во иднина и нема да одземаме од работата на парламентот, од работното време.

Јас навистина не знам како вие го толкувате Деловникот. Сега имам една дилема. Кога мојот почитуван колега интервенираше околу барање да се постави точка на дневен ред, вие тогш го цитиравте Деловникот односно деветтата глава која сеуште не е стапена во сила, а сега се навраќате на стриот Деловник. И по стариот Деловник ние имаме можност да поднесеме амандмани и јас би ве замолила, доколку не ја давате таа можност, јас очекував дека ќе имате разбирање дотолку повеќе што на овие закони немаат реакција само пратениците од опозицијата. На овие закони многу негативно се изјасни целокупната македонска јавност, вклучувајќи ги и експертите, па дури и меѓународната јавност за Законот за енергетика кој што е на дневен ред. Очекувам да ни дадете можност, впрочем за тоа сме овде, да направиме се колку може, барем малку да се подобрат овие закони, дотолку повеќе што законот за работни односи засега една голема категорија луѓе на кои вака како што го имаме ако помине само, само ќе нанесе штета, наместо да ги подобри нивните права.

Ако не сакате да го прифатите она што го бара опозицијата тогаш би ве замолила барем да имате разбирање за дописите кои ги имаме од Сојузот на синдикатите, Адвокатската комора и меѓународната заедница и токму поради тоа предлагам точката која што сега треба да биде на дневен ред да биде симната од дневен ред и да добиеме Предлог на закон на кој ќе можеме како пратеници и од позицијата и од опозицијата забелешки, своите забелешки да ги поднесеме во вид на амандмани. Се надева ова мое барање ќе го ставите на гласање. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Навистина кое е вашето барање. Да се симне точката од дневен ред. Тоа право за симнување, односно за измена и дополна на дневниот ред го

имавте пред утврдувањето на дневниот ред. Кога ќе се утврди дневниот ред нема право да се тргне таа точка од дневен ред. Тоа е вашето барање. Согласно Деловникот пред утврдување на дневниот ред секој пратеник може да поднесе барање за измена и дополнување на дневниот ред. Вие тогаш госпоѓа Роза Топузова-Каревска не поднесовте такво барање и утврден е дневниот ред. Не можам тоа барање да го ставам на гласање затоа што согласно Деловникот на утврден дневен ред не може да се тргне точка од дневен ред. Може редоследот да се промени на одредени точки, но пред започнување на одредена точка. 18-та точка ја започнавме веќе.

Продолжуваме натаму со работа.

Со оглед на тоа што госпоѓа Цветанка Иванова и Марјанчо Николов веќе дадоа процедурално за иста работа (реакции од пратеници), затоа што ништо ново нема, продолжуваме со работа.

(реакција од пратениците Цветанка Иванова и Марјанчо Николов)

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по Законот да се пријават за збор.

(реакциите продолжуваат)

Благодарам.

Пред да утврдам кој се пријавил за збор, не би сакал да има злоупотреба од страна на одредени пратеници во однос на пријавувањето. Еве , господинот Андреј Жерновски не е тука, некој го пријавил. Господинот Емилијан Станковиќ не е тука, некој го пријавил. Не би требало од стран на пратениците да се злоупотребува тоа, сакам од службите да ми се даде листата на пријавени пратеници за збор.

Пријавени за збор се: господин Јани Макрадули, госпоѓа Бендевска Весна, господин Пенов Ристо, господин Менде Диневски, господин Андонов Миле, госпоѓица Тушева Маринела, госпоѓа Анастасова Станка, господин Минчев Горан, господин Сугаревски Горан, господин Николов Марјанчо, госпоѓа Шеќеринска Радмила, госпоѓа Иванова Цветанка, господин Мисовски Горан, господин Андреј Жерновски и н е знам кој го пријавил, избришете го, госпоѓа Мираковска Соња.

Молам од службите да ми дадат листа за пријавени за збор.

(реакција од пратеничката Роза Топузова - Каревска со зборовите: “ Претседателе јас се извинувам, зошто не сум на листата, јас се пријавив за збор”).

Се извинувам госпоѓа Роза Топузова-Каревска, системот работеше за пријавување процедурално, а не ви работи за пријавување за збор! Не може така, или работи или не работи.

(реакција на пратеничката)

Во што е проблемот, зошто не може? го пријавивите Андреј Жерновски, по грешка, така? Ќе проверам со службите, ако треба на крај ќе бидете пријавена. Во ред , не е проблем.

Процедурално има збор господин Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам претседателе.

Се надевам дека во иднина нема да ја злоупотребувате својата функција и нема да не спречувате за процедурални реакции кога тоа ни го дава Деловникот и немате право да се однесувате на таков начин бидејќи јасно е пропишано кои се нашите права.

Би сакал врз основа на член 60 од Делвнико на Собранието на Република Македонија да ми го протолкувате членот 179 став 2 од стариот Деловник на СОбранието на Република Македонија бидејќи претходно се прогласивте дека вие давате толкување на деловничКите одредби, да ни објасните како ќе го протолкувате членот 179 став 2 како претседател на Собранието бидејќи не сакавте да ја закажете комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања.

Втора работа, би сакал да ми објасните бидејќи овие закони ги разгледува Собранието по трет пат, бидејќи вие повторно самоволно го толкувавте претходно Уставот, ако ни објаснувате дека смислата на повторното разгледување или ветото на претседателот е Собранието да се изјасни дали ќе ги прифати или нема да ги прифати забелешките на претседателот, тогаш би сакале да ни објасните ако реши Собранието да прифати одредена забелешка од страна на претседателот како ќе го направи тоа, бидејќи немаме право да поднесуваме амандмани и да го подобруваме текстот на Законот или евентуално да реагираме на забелешките на претседателот преку амандмани. Пред малку ни објаснувавте дека имаме само да ги прифатиме или одбиеме забелешките на претседателот. Не ми е јасно зошто се плашите од дебата по овие закони во сите фази. Овие закони се суштествени, како што кажавме и претходно, за одредени категории луѓе на системот на пазарна економија, на невладините организации итн. Зошто бегате од дебата? Го донесовте по итна постапка, на таен начин, сега не сакате да имате амандманска расправа да го подобриме. Имате реакција од синдикатите, од Адвокатската комора, имате реакција од невладините организации. Кој треба во оваа држава да реагира за вие да се уозбилите и да сфатите дека има потреба од подобрување на овие законски решенија. И пратениците се обидуваме, не ни давате. Како објаснете ни парламентот е храм на демократијата кога вие го злоупотребувате парламентарното мнозинство.

**Трајко Вељаноски:** Јас дадов појаснување во однос на моето гледање како треба да постапува Собранието и претходно го кажав истото, ако сакате повторно ќе ви го кажам.

Точка на дневен ред е Законот за изменување и дополнување на Законот за енергетика. Нигде во ниедна одредба од Деловникот не пишува дека може на Закон да се поднесе амандмани. Тоа што

се поднесени одредени амандмани согласно член 165 став 1 од Деловникот, тоа е за Предлог на закон. Затоа кажувам дека ние го утврдиме дневниот ред, утврдивме 17-та точка Закон за изменување и дополнување на Законот за енергетика. Затоа согласно моето укажување на закони нема право да се поднесува амандмани. Нема никаде деловничка одредба за поднесување на амандмани.

Процедурално госпоѓа Иванова Цветанка, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине претседателе.

Јас навистина непријатно многу сум изненадена од вашето однесување денес на оваа седница, затоа што очекував дека како правник малку повеќе или посовесно ќе ги толкувате одредбите од вашиот Деловник.

На два пати како координатор на пратеничка група ми одземате право на процедурално, еднаш ми одземате право на реплика, а не знам бидејќи можеби вие поинаку го читате овој ваш Деловник, не знам по која одредба, а одредбите за реплика и процедурално се член 88 и член 89. Сакам овие одредби да ми ги протолкувате и да ми кажете по која одредба и како ја толкувате па ми се одземени овие две мои права кои што ги имам од Деловникот.

Денеска вие покажавте или направивте еден класичен пример како парламентарното мнозинство ја злоупотребува својата позиција во парламентот. Денеска вие покажавте дека секаде и овде во парламентот сакате да гушите секаква дебата. Не сакате дебата и кога ви укажува опозицијата, не сакате дебата и кога ви укажуваат синдикати и адвокатска комора, не сакате дебата и кога ви укажува Европската унија. Вашиот лидер не прифаќа ни соочување, сакате само по одредени медиуми она што сте го наумиле да го кажете и да оди во етерот. Вака не можеме да градиме демократска држава господине претседателе. Затоа уште еднаш ви викам аргументите кои сакате ваши да ги пласирате, дека формулацијата на дневниот ред не дозволувала право на амандман. Па уште тука ви е прекршен Деловникот поточно член 179 став 2. По добивањето на писмото од претседателот вие сте направиле прекршување на одредбите од Деловникот од член 179 став 2 каде што јасно стои дека Собранието повторно го разгледува Предлогот на законот. Составувајќи ваков дневен ред вие свесно сте ги прекршиле одредбите од Деловникот со една единственена цел, да не овозможите амандманска дебата, да не овозможите подобрување на решенијата на кој што сите затангирани страни се жалат и со тоа да ја задушите демократијата.

Покрај ова мое образложение повторно барам да ми објасните врз основа на кои одредби на Деловникот ми ускративте процедурално право да реагирам и врз основа на кои одредби на Деловникот ми ускративте реплика на ваше објаснување. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Прво процедурално се бара врз основа на член 88 каде што на координатор и заменик координатор и пратеници кои не се членови на пратеничка група кои сакаат да говорат за неправилна примена на Деловникот претседателот им дава збор штом ќе го побараат. Од ваша страна беше побарано вие во тие три минути - став 3 говорот не може да трае подолго од три минути. Во тие три минути треба да ги кажете сите неправилни примени на одредбите на Деловникот. А дали вие успевате во тие три минути тоа да го кажете тоа е од ваша страна.

Второто ваше барање беше реплика на појаснување на претседателот. Никаде не пишува дека има право и во претходниот парламентарен состав, знаете дека започнување на појаснување на претседателот нема реплика и не знам сега зошто пак повторно го поставувате тоа прашање. Дали вие сте задоволни со моето појаснување тоа е веќе друго прашање, ќе го ценат пратениците, ќе ја цени јавноста, реплика на појаснување од страна на претседателот по однос на процедурална забелешка нема по Деловник.

Продолжуваме со работа. Има збор господин Макрадули Јани.

(реагирање на пратеничката Цветанка Иванова)

Реплика на појаснување, госпоѓа Цветанка Иванова знаете дека нема.

Има збор господин Макрадули Јани, повелете.

(реакциите продолжуваат)

Повелете господине Макрадули, тече времето.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Мислам дека колешката Цветанка Иванова како координатор на пратеничката група има согласно Деловникот право да побара процедурално, бидејќи природата на процедуралното може да се оцени само откако ќе се чуе како содржина што ќе се каже и можеби е поврзано со некоја активност што е во функција на остварување на функцијата координатор на пратеничката група и некои одредби што се дадени од Деловникот.

Во секој случај јас ќе се обидам во овие десетина минути да дадам една општа констатација за законот кој што за жал ќе предизвика негативен ефект во Република Македонија и тоа ќе го образложам.

Сосема на кратко на почеток да дадам еден вовед за историјата на овој закон кој што во Собранието беше доставен на 27 ноември 2007 година без мислење ос Европската комисија и дури кога на 24 јануари, Владата и тогаш се обиде да го прикрие сето тоа, од портпаролот на Комесарот за проширување од госпоѓа Кристина Наќ чувме дека Законот не е во согласност со европските директиви, Владата на 38 члена колку што имаше законот, поднесе 38 амандмани и тоа е веројатно рекорд за Гинисова книга, дека колку члена

имаше толку амандмани поднесе Владата. На тој начин сакам да демантирам една невистина што се шири кога се зборува за законите дека овој закон е еден од оние закони кој што бил попречуван од опозицијата или некои други, туку овој закон воопшто не дојде на дневен ред бидејќи имаше јасни неусогласувања со европските директиви.

И денеска да биде трагедијата поголема за овој закон нормално своја подршка дава и подзаборавениот глас на светлината кој што, подзаборавен велам, зошто не се јави тогаш кога требаше, кога се продаваше на мистериозен и коруптивен начин ТЕЦ Неготино, туку се појави сега да каже дека треба да се донесе овој закон за енергетика. А, ако погледнете подобро и видите дека портпаролот на оваа невладина организација работи во една компанија која се занимава со трговија на електрична енергија, ќе ни стане јасно зошто истата е те како заинтересирна за да се донесе овој закон.

Реков овој закон ќе направи хаос во Република Македонија од три аспекти. Повторно не е усогласен со европските директиви, бидејки не постои земја во Европа во која што е дозволено државата да изврши експропријација на некој објект ако мисли таа дека е од општ интерес. Така како што направи со системот за дистрибуција на гас може да се случи истото да го направи со системот за телекомуникациската инфраструктура и да го подржави, или направи експропријација на телекомуникацискиот сектор во една држава. Мислам дека во последниот број на “Капитал” во земјите кои што биле наведени дека е тоа можно каде што државата интервенира со експропријација. Значи, ова е податок од последниот број на “Капитал” дека се само: Венецуела, Боливија и Зимбабве. Мислам дека Македонија како земја која што претендира да биде членка на ЕУ не треба да биде во друштвото на овие земји, ниту да ги следи нивните принципи, туку напротив треба да ги следи принципите кои што и во минатиот Извештај за прогресот на Македонија кон Европската унија имаше доста критики за енергетскиот сектор и тој беше еден од најкритикуваните сектори во Извештајот. Овој закон наводно под закрила на либерализацијата на ЕЛЕМ ќе му донесе квазимонополистичка позиција која што ќе го направи него да може да прави со струјата што сака во Република Македонија, да произведува кога сака, да не произведува повеќе, бидејќи на тоа се навикнавме во претходните две години и најчесто да увезува струја по многу поголема цена и таа да ја продава надвор од било која контрола. Тоа е вториот принцип на кој што овој закон не е во согласност со европските директиви, а тоа е принципот на транспарентност и на двоерливост и видливост на она што се пазари и на кој начин се пазари електричната енергија. На овој начин и те како забелешките кои што ревизорот ги даде за работењето на овој директор на АД ЕЛЕМ само ќе се мултиплицираат, бидејки знаеме на кој начин и со која тактика работи ова акционерско друштво. Случајно производствените капацитети паѓаат и огромен увоз на електрична енергија.

Втора работа, процесот на либерализација кој е воведен во некои земји и како што е напишан не се вовел, или не ни се тргнал да се воведува до колку не се решат три работи, а тоа е транспарентноста во постапките. Тука ги нема, контрола од страна на Регулаторната комисија за енергетика. Се ќе биде во рацете на ЕЛЕМ и тие ќе прават што сакаат. Второ, не се обезбедува сигурност во снабдувањето на електрична енергија. И трето, не се води грижа за сиромашните слоеви во државата. Значи, не постои држава која што го започнала процесот на либерализација на пазарот на електрична енергија без овие три принципи, или без овие три да овозможи да функционираат сите овие три столба од либерализацијата. Очигледно немаме либерализација, немаме сигурност во снабдувањето и немаме закон, она што ние го нудевме како пратеничка група на СДСМ, закон за енергетска сиромаштија. Процесот на либерализација ги погодува одредени слоеви на население, без разлика на степенот на развиеност на земјата. Таа е и во високо развиените земји и во помалку развиените земји. И затоа секогаш постои механизам државата да се грижи. Ние тоа го преточивме преку законот, го предложивме преку законот за енергетска сиромаштија одредени киловат часови да влезат во еден пакет, енергетски пакет што би се субвенционирал од страна на државата.

Од друга страна иако Европската унија тоа го вели, дека мора да има снабдувач во крајна нужда. Тука го нема. Тоа значи дека вие како потрошувач сте купиле струја од некого и вие сте на пример болница, на пример државата увезува електрична енергија од некаде, да речеме од некоја нуклеарна централа од Бугарија. Давам пример, не во некоја негативна смисла. Може да се случи Европската унија да ја затвори нуклеарната централа од безбедносни причини. Вие морате да имате резервна варијанта, или тоа што се вика снабдувач во крајна нужда кој што ќе даде струја на болниците, на градинките за да може да функционираме како држава. Затоа сите овие три принципи кои што ги има во европските директиви, ги има во Европската директива 2003/54. За жал, ги нема во нашиот закон и тој закон не само од процедурален аспект, туку заради решенијата што ги има внатре, заради погрешната, апсолутно погрешната политика што во овој момент се води предводена од господинот Зоран Ставрески. Се плашам дека зголемувањето на цената на електричната енергија ќе биде најмалиот проблем што ќе мораме да го доживееме како граѓани од страна на оваа Влада и ќе бидеме осудени на многу падови и за жал во 21 век ќе зборуваме за рестрикции кои што мислевме дека се некое подзаборавено минато.

Затоа пратеничката група имаше подготвено амандмани со кои што сите овие принципи сакаше да ги преточи во законот, за да може и овој закон да добие позитивна оценка од страна на Европската комисија. Но, за жал, нема спремност за такво нешто. Затоа ние нема да го подржиме овој закон за енергетика.

**Трајко Вељаноски:** Има збор госпоѓа Весна Бендевска.

**Весна Бендевска:** Благодарам претседателе. Најпрво само кратко ќе се обидам да дефинирам што се случува денес. Вие господине претседател на Собранието на Република Македонија денес напросто аминувате политичко насилие. Нудите на собраниска расправа 6 закони кои претседателот на државата одби да ги потпише со образложение дека се недоследни и неквалитетни. Уставот предвидува претседателот на државата со указ да биде последен контролен механизам откако Собранието ќе донесува закони. Ако институцијата претседател на држава нашол дека кај овие 6 закони има сериозни квалитативни забелешки, вие апсолутно не сакате да дојде до подобрување на тие законски текстови. И затоа повторно по кој знае кој пат ќе се навратам на преродбата, овој пат вашата надградена и проширена каде што сте запишале дека ВМРО-ДПМНЕ ќе се залага за сигурно, континуирано и квалитетно снабдување со енергија на сите потрошувачи во земјата. Ама ова е мртво слово на хартија, затоа што пред нас го нудите овој Предлог на закон по трет пат преку механизам на политичко насилие.

Но, дозволете да цитирам од вашата преродба. Велите: Република Македонија во голема мерка е енергетски увозно зависна земја од сите видови енергија. И ова се ваши зборови, цитирам: “а во последниве две години и од електрична енергија”. И тука е јасно за каква енергетска политика и стратегија се залага ВМРО-ДПМНЕ. Долго време дебатиравме дека вашата енергетска политика значи само едно, обид од Република Македонија да направите енергетски вазал. Затоа што 20 месеци се обидувате да го поткопате производствениот капацитет на електрична енергија во Република Македонија. И за тоа говорат фактите. Од официјалната веб страна на АД МЕПСО секој граѓанин на Република Македонија може да види дека континуирано опаѓа производството на електрична енергија кога Владата е предводена од ВМРО-ДПМНЕ. Од рекордните 6476 произведени гигават часови во 2005, во 2007 година најголемиот производствен капацитет РЕК Битола драстично е намалено производството на електрична енергија за цели 805 милиони киловат часови. За да биде појасно пред граѓаните на Република Македонија ќе го изразам во бројка. Ако Република Македонија во 2007 година кога Коњановски го предводеше РЕК Битола произведеше повеќе од рекордно нискиот број произведени киловат часови 805 милиони киловат часови ќе заштедевме во Буџетот на Република Македонија цели 35 милиони евра. Енергетскиот биланс во Република Македонија за 2007 година предвидуваше да се произведат 2 милијарди 615 киловат часови. Но, беа произведени цели 657 милиони киловат часови помалку, а тоа ги кошта и оди директно на џебот на секој граѓанин на Република Македонија. И тука станува збор за стратегија. Знаете кога на 2 мај 2008 година се случи најголемата катастрофа кога се расипа багерот 2001 во РЕК Битола само заради тоа што беше нестручно управуван од партиски кадар, три месеци вработен во РЕК Битола. Експертите предвидуваа дека ќе бидат потребни цели 18 месеци за да може багерот да откопува доволно количество јаглен за да може да ги храни трите блока. Тогаш бившиот директор Коњановски вети дека тоа ќе го стори за многу подоцна. Но, Битолчани знаат дека ништо не е сторено овие 4 месеци. И тоа е стратегија.

Да потсетам, за 7 недели од денес ќе започне грејната сезона, ама Македонија нема да произведува електрична енергија по просечна цена на чинење по 21 евро киловат час, ќе увезува по стотина евра киловат час. И тоа ќе го плаќаме сите ние од нашите џебови. Ако имаме среќа да бидат увезени доволно количества електрична енергија, ако не, на Македонија и се заканува мрак. Но овој пат аминуван, буквално аминуван во вашиот Предлог закон. Сега законски ќе може да се оствари онаа стратегија што да потсетам, ја започнавте со измена на Законот за јавни набавки, кога си предвидовте да може со непосредна спогодба тајно очи во очи претставниците од Електрани на Македонија да увезуваат, или извезуваат електрична енергија. Но во овој закон нема дека најпрво главните производувачи ќе треба да обезбедат доволно количество енергија за домашните потрошувачи. Ако господинот Чинговски осети дека поисплатливо е, се разбира финансиски да извезува евентуален вишок, тој ќе го извезе. Голем број потрошувачи ќе останат без електрична енергија. И затоа овој закон е катастрофален. Но, уште пострашно е што еден од тројката реализатори на ваквата квази енергетска политика на ВМРО-ДПМНЕ господинот Зоран Коњановски е награден со министерско место во ресорот одбрана. Очекував дека Зоран Коњановски ќе мора да одговори за своето неквалитетно извршување на позицијата генерален директор на РЕК Битола. Во овој момент финансиската загуба на РЕК Битола изнесува над 2 милијарди денари. Ќе бидеме ли сведоци на поведување на стечајна постапка на најголемиот производствен капацитет и тоа почитувани претставници од владеачкото мнозинство ќе може да го уредите со одредбите на овој закон за енергетика. Знаете како, видов дека една од точките на дневен ред на оваа седница е Извештај на Комисијата за заштита на конкуренцијата. Господинот Чедомир Краљевски видов дека и беше присутен на почетокот на седницата и драго ми е ако е тука. Господине

претседател, во вашиот Извештај освен што гледаме дека сте со буџетски средства платени да ја извршувате вашата законска одредба, да ја обезбедувате заштита на конкуренцијата во Република Македонија. Како една од основните претпоставки на европското право јас не чув, ниту видов ваша очекувана реакција за одредбите од овој закон. Видов само минатиот пат, во вториот обид на ВМРО-ДПМНЕ дека сте доставиле мислење број 03-13/1 од 4 јануари 2008 година. Ќе бидете ли љубезен да објасните како претседател на оваа Комисија какви одредби и како успеавте да ја натерате Владата на премиерот Груевски да поднесе амандман и дали се однесува на заштита на конкуренцијата. Знаете зошто? Затоа што во Извештајот од Комисијата за економски прашања одржана на 22 август во извештајниот период сте констатирале случаи на злоупотреба на доминантна позиција од страна меѓу другото и на АД Електростопанство на Македонија - Скопје. Затоа очекувам многу посериозно почитувани коелги од владеачкото мнозинство да знеме за што ќе гласаме денес. Секој од нас ќе има лична одговорност и секој од нас ќе има личен придонес во Извештајот што го очекуваме на почетокот на ноември од Европската комисија. И секој од нас знае дека донесувањето на овој закон кој е спротивен на Атинскиот меморандум токму заради тоа што обезбедува, форсира монополско однесување на еден од субјектите на овој пазар, ќе значи огромна црна точка во тој извештај. Тоа ќе значи повторно недобивање на датум за преговори, односно чисто и јасно се работи ли за свесна стратегија Македонија да ја оддалечиме од своите евроинтеграции свесно да работиме на тоа Македонија да не го добие датумот за преговори. Колеги, на ваша одговорност, на ваша совест апелирам лично ќе бидете одговорни до колку тоа за жал ќе биде епилог и маркирано во извештајот на Европската комисија.

**Трајко Вељаноски:** Има збор господин Ристо Пенов.

**Ристо Пенов:** Благодарам претседателе. Сакам на кратко да ги изнесам ставовите на Либерално демократската партија, зошто ние нема да го гласаме овој закон. Имено, со овој закон се уредуваат така да речам две области на кои што ние со нашата дискусија ќе се обидеме да изнесеме аргументи дека не е добро да се носат со овој закон. Имено, прво, замислете со закон за енергетика во Република Македонија во 2008 година се прави обид да се ограничи основното право, правото на сопственост кое што е и уставно гарантирано и строго се одредени законските постапки на кој начин тоа може да се ограничува. Овде на едноставен начин е кажано со неколку амандмани дека ако сопственикот на лиценцата за пренос на електрична енергија, или гас кој е и сопственик на таа мрежа ја изгуби лиценцата, може да ја изгуби и сопственоста врз дистрибутивната мрежа, или за пренос на електрична енергија, или за пренос на гас.

Ова во денешни услови е невозможно да се направи затоа што овие се законски решенија кои што можеле да се носат 1945-1948 кога со закон се одземала приватната сопственост, но денес после 1991 година кога Република Македонија гради демократско општество во кое се гарантирани правата и слободите на граѓаните, најважното право кој има апсолутно дејство кон сите па и кон законодавецот, правото на сопственост не може на овој начин да се ограничува затоа што се работи за вложување на огромни средства во една мрежа или во еден систем за снабдување со електрична енергија и гас.

Со еден друг закон се прави обид да се замачкаат очите на јавноста, имено се вели дека ова е експропријација. Експропријација како што во последната точка ќе видиме е стриктно одредена во закон кога може да се врши, а таа се врши кога за потребите за развојот на државата на градот или на општините треба да се гради нешто, тогаш се одзема со надомест и со договор дел од приватната сопственост за да се изградат тие објекти. Но, одземањето на лиценцата како услов за одземање на правото на сопственост не е позната во ниту еден систем освен во оние социјалистичките кои што останаа во Куба и во Северна Кореја и не знам уште каде.

Ние како либерал демократи не можеме да се согласиме со ваквиот обид на мала врата да започнува да се ограничува приватната сопственост бидејќи утре заради јавен интерес може да се одзема приватна сопственост и на личен имот или пак на други оператори кои што вршат одредена дејност која има некаков јавен карактер. Од друга страна не зачудува зошто пак овде не е внесено односно не е наведена можноста да се одземе на правото врз нафтоводот, бидејќи ова е закон за енергетика нафтата е енергетски ресурс и се предвидува само да се казнуваат преносиците во електроенергетскиот систем и гасоводниот систем, а не се право обид тоа да се направи врз нафтоводот.

Втората наша голема забелешка на овој закон е навистина големиот обид да се измислат термини, регулиран производител, не знам, овластен производител итн, се со цел да се задскрие идејата ЕЛЕМ како речиси единствен производител на електрична енергија во Република Македонија да може да продава електричка енергија и да купува електрична енергија.

Прво, на ЕЛЕМ е опасно да му се даде ваква надлежност. Значи ЕЛЕМ веќе втора година, трета година упорно го намалува производството на електрична енергија во Република Македонија. За цели 15% е намалено производството, а пак за таа сметка увозот за електрична енергија се зголемува. Замислите дури и во услови кога големите потрошувачи се принудија да самите набавуваат електрична енергија на светскиот

пазар макдедонскиот увоз на електрична енергија, државен увоз сега преку МЕПСО, а сега се прави обид преку ЕЛЕМ се зголемува и финансиски за 4 пати издатоците за купување на електрична енергија се зголемени. Тоа се суми во стотици милиони евра. Од друга страна државата ниту го принудува ЕЛЕМ да го зголемува производството не електрична енергија, ниту пак да инвестира во нови извори на електрична енергија. Ние, откако е ова нова Влада на власт немаме почеток на изградба на нов електро-енергетски извор. Ако знаеме дека гасната турбина што топлификација сака да ја гради во Скопје чини некаде околу 200 милиони евра, значи ние годишно односно за две години со таквиот енормен и непотребен увоз на електрична енергија секои две години трошиме една гасна турбина во Република Македонија и за идните поколенија остануваме без извори на електрична енергија. Ние се залагаме како држава да доаѓаат странски инвестиции, но замислете некои странски инвеститор со поглема потрошувачка на електрична енергија дали ќе дојде во Република Македонија кога нема производство и нема гаранција дека таа енергија тој ќе ја добие. Од друга страна во такви услови кога ЕЛЕМ не е принуден законски да го зголемува производството на електрична енергија овде му се дава можност да увезува или пак истата и таа мала количина да ја продава сам. Па зошто тогаш тој ќе се труди да произведува. Уште повеќе ќе ги намали произведените количини на електрична енергија, Владата ќе му даде субвенција како што дава и тој ќе си увезува електрична енергија. Нели тоа ви мириса на нешто многу сомнително и многу опасно, а ние сакаме со закон тоа да го озакониме. Од друга страна никакво образложение не се дава, каква е разликата дали МЕПСО ќе увезува електрична енергија или ЕЛЕМ. И двете се во државна сопственост иако се акционерски друштва и во двете кадровски друштва и во двете кадровските решенија ги поставува Владата и сосема е нејасно зошто вакви игри во енергетскиот систем. Значи ние не ги подржуваме овие измени на законот ги сметаме како штетни и опасен обид во демонтирање на демократскиот систем во Република Македонија со задирањето во правото на сопственост и опасни по иднината на Република Македонија заради создавањето услови нашиот најголем производител да не произведува електрична енергија туку тоа да си го прави со увоз. Со тоа ние не можеме да се согласиме, цената на тоа сите ќе ја платиме само прашање е кога граѓаните тоа ќе го почуствуваат и кога посилно ќе се освестат да се борат против таквите состојби во овој систем. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Пријавена за реплика или процедурално госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Почитуван претседателе, со оглед дека имаме една ситуација која што да бидам искрена не ја очекував дека ќе биде така, и после сето ова искажано што го слушнавме во овие две три дискусии, поради сериозноста и штетата која што може да ја нанесе овој закон на Република Македонија, од името на пратеничката група на ЛДП и на Нова алтернатива барам пауза од еден час за да се договориме како ќе продолжиме понатаму со нашето присуство и работа во Собранието на Република Македонија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Со оглед на тоа дека од страна на пратеничката група на ЛДП и НА е побарано еден час пауза, ја прекинувам седницата и продолжуваме во 17,00 часот.

(По паузата седницата продолжи во 17,05 часот )

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме со работа.

За збор беше јавен господин Диневски Менде. Во моментот не е тука и го губи правото на збор за претресот.

За збор беше јавен господин Андонов Миле, во моментов не е тука и го губи правото за збор за претресот.

За збор беше јавена госпоѓица Тушева Маринела која во моментот не е присутна и го губи правото за збор за претрес по овој закон.

За збор исто така беше јавена госпоѓа Анастасова Станка, во моментов не е тука и го губи правото за збор за претресот.

За збор беше јавен господин Минчев Горан, во моментов не е тука и тој го губи правото за збор за претресот.

И за збор е јавен господин Горан Сугарески, тука е, повелете имате збор.

**Горан Сугарески:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

Со трансформацијата на старото ЕСМ и неговата поделба на производство, дистрибуција и пренос Македонија направи суштински промени во моделот на пазарот на електричната енергија. За овие потези Република Македонија доби позитивни оценки од Еврпоската комисија за енергетика. И во Извештајот за напредокот на Република Македонија од Европската комисија Македонија е позитивно оценета во овој сегмент.

Предложените измени во Законот за енергетика во суштина претставуваат уназадување на овој процес. Истовремено тие не се во согласност со директивите на Европската унија особено во делот на тарифните трошоци, трошоците за пренос, производство и дистрибуција што е веќе констатирано во документите. Техничките слабости на електроенергетскиот систем се уште еден аргумент во избрзаните и несоодветно предложени измени. Имено, ниту системот ниту високо напонската мрежа не се во состојба да издржат пренос на струја во големи количини, како што се предвидува во измените. Тоа може да доведе до прекини во снабдувањето и до поголеми дефекти. Таква ситуација се случи

летово кога заради транзит на поголема количина на електрична енергија низ Република Македонија за потребите на Република Грција земјава целосно  остана без елетричНа енергија неколку часа.

Уште една слабост на електропреносниот систем на Македонија е и недоволната  поврзаност на земјава со соседните земји. Имено, Македонија е поврзано со 400 киловолтна мрежа во регионот само со Србија и Грција. Тоа не е довонло за трансфер на поголеми количини на елетрична енергија.

ЕСМ-ЕВН сака да потенцира дека предложените измени на Законот за енергатика не ги дефинираат јасно надлежностите на пазарот. Тоа може да доведе до проблеми во секојдневното работење, бидејќи со предложените измени се преклопуваат одредени надлежности на субјектите на пазарот. Тоа ќе предизвика нетранспарентност во работењето, дискриминација и фаворизирање. Преклопувањето на надлежностите е и спротивно и на европските директиви, со што се предвидува јасно разграничување на производството, дистрибуцијата и пренисот на електрична енергија.

Македонија веќе ги раздвои овие дејности, за што доби позитивно мислење од Европската комисија. Со предложенитер измени на Законот за енергетика во делот на пазарот делумно се враќа на некогашните позиции што е спротивно на европските директиви.

Предлогот на измените на законот предвидува дел од електричната енергија за потребите на тарифните потрошувачи на ЕВН да ги купува по пазарна цена што ќе доведат до вештачко зголемување на цената електричната енергија за крајните потрошувачи, бидејќи за разлика од досега одреден дел на потребните количини ќе се набавуваат отприлика по двојно повисока цена. Во таква ситуација ЕВН ќе мора да ја купува електричната енергија по повисока цена и ааналогно на тоа да ја продава по повисока цена. Тоа негативно ќе се одрази на стандардот на крајните потрошувачи, а истовремено ќе ги зголеми и трошоците на малите бизниси кои имаат статус на тарифни потрошувачи.

Во моментот нема потреба од создавање дополнителни услови кои би ја зголемиле цената на електричната енергија.

Измените на Законот за енергетика му даваат можност на ЕЛЕМ да извезува дел од електричната енергија во услови кога Македонија скоро 40% задоволува преку скап увоз, за што годишно од буџетот се одвојуваат околу 90 милиони евра. Доколку се усвојат овие измени ЕЛЕМ ќе може да пласира дел од електричната енергија произведена во земјава на слободниот пазар. Истовремено можно е да се случи за потребите на тарифните потрошувачи да се увезува електричната енергија од увоз по повисока цена. Ваквата ситуација е апсурдна на пазар каков што во моментот е македонскиот каде што понудата не ја покрива побарувачката. Со вишоците на електричната енергија може да се тргува на отворен пазар само доколку претходно се задоволат домашните потреби.

И покрај недостигот на електричната енергија во земјава и во регионот, предложените измени на Законот за енергетика не даваат јасни обврски за ЕЛЕМ прво да ги задоволи домашните потреби од електричната енергија. ЕЛЕМ може по свое видување  да одлучи одредена количина на електричната енергија да пласира на пазарот, додека за домашните тарифни потрошувачи дел од потребите  ќе мора да се  задоволат од скап увоз. Тоа ќе предизвика ценовен шок, но и несигурност во снабдувањето. Предложените измени во Законот за енергетика никаде јасно не прецизираат колкава количина може да се пласира на слободниот пазар. Освен што ќе може да се продава дел од електричната енергија на слободниот пазар, ЕЛЕМ ќе може да увезува електрична енергија за потребите на Република Македонија што до сега го правеше МЕПСО преку јавен тендер. Увозот по измените во Законот за јавни набавки ќе се одвива без јавен тендер, односно со билатерални договори во четири очи. тоа ќе доведе до крајна нетранспарентност на целата постапка и е целосно спротивно на европските директиви кои предвидуваат јасно разграничување на дејностите и транспарентност во работењето. Според постојниот модел на пазарот на електрична енергија сите три компании ЕЛЕМ, МЕПСО и ЕВН, имаат статус на природен монопол чија дејност е строго регулирана од Регулаторната комисија за енергетика како независно тело и преку постојните регулативи. Со измените ЕЛЕМ ќе стане државен делумно нерегулиран монополистичКи ентитет. Оваа компнија дококлу се усвојат се измените на Законот за енергетика ќе може по внатрешно убедување да продава и увезува електрична енергија, ЕЛЕМ ќе треба по завршувањето на месечните активности што сама ги одредила само да ја извести Регулаторната комисија за енергетика. Ваквата ситуација ќе доведе до крајна нетранспарентност во работењето и таквата позиција на ЕЛЕМ ќе овозможи фаворизирана положба, а другите субјекти на пазарот што делуваат и оние што ќе се појавуваат во иднина ќе имаат дискриминирачка позиција. Ова и спротивно на европските директиви.МЕПСО според постојниот модел има лиценца за сигурност во снабдувањето со електричната енергија. Со измените на Законот за енергетика никој нема обврска да гарантира за сигурноста во снабдувањето. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За процедурално се јави господин Андреј Жерновски, повелете.

**Андреј Жерновски:** Благодарам претседателе.

Сосемна накратко би ве замолил да го направите тоа што треба, да побарате да имаме претставник на Владата. Како што гледате, пурпурните столчиња овде во Парламентот се празни, можеби Владата не ја интересира тоа што ние го зборуваме, но не е коректно ниту кон колегата Сугаревски ниту кон останатите што ќе дискутираат да не бидат слушнати од оние што се предлагачи на крајот на краиштата.

И второ, би ве замолил, не мислам дека ова е некаква повреда на процедурата, вчера во еден електронски медиум беше објавено што мислам дека е добро да го донесе претставникот на Владата со себе ако е во Владата и доаѓа наваму, уште подобро . имено, вие гладате дека голем дел од забелешките овде се затоа што пратениците од опозицијата сметаат дека Законот за енергетика воопшто не е усогласен со европските директиви. Вчера на А1 телевизија беше кажано дека Владата тврди дека добила писмена потврда од Брисел дека нема никакви забелешки. Би ве замолил ако може претставникот на Владата да ја подели таа писмена потврда, со што всушност забелешките на опозицијата ќе бидат во самиот момент демантирани. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Едно појаснување. Доколку се работи за Предлог на закон тогаш има предлагач. Во конкретниот случај е закон за измена и дополнување на Законот за енергетика, затоа нема предлагач, Владата нема предлагач. Во конкретниот случај бидејќи расправаме за Закон за измена и дополнување на Законот за енергетика, согласно со суспензивното вето од страна на претседателот на државата, од страна на предлгачот, нема предлагач. Овде конкретно го разгледуваме ние како Собрание ние кои го донесовме Законот, затоа нема потреба од присуство на претставник од Владата. Тоа е моето објаснување и затоа сметам не е никаква процедурална грешка што нема претставник од Владата.

Има збор господин Николов Марјанчо, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам претседателе.

Почитувани колеги, најпрво би сакал да го изразам своето жалење што денес не успеавме и вас како мнозинстви и претседателот на Собранието да ги убедиме во важноста на овие закони и потребата од нивно повторно разгледување како предлози на закони и сега сме соочени со една ситуација во која што за жал претседателот на Собранието повикувајќи се на уставни одредби не ни дозволи законите да се вратат во повторна процедура како предлози на закони , како би можеле по истите да отвориме квалитетна расправа, евентуално амандмански да измениме дел од одредбите се со цел Собранието да донесе закони кои ќе бидат во интерес на граѓаните на Република Македонија, но исто така и на претпријатијата кои стопанисуваат во Република Македонија.

Вие господине претседателе денес си земавте за право само да го толкувате Уставот, а на ниту една наша процедурална забелешка да го протолкувате Деловникот, не одговоривте, а знаеме дека вие според Деловникот вие имате обврска да го толкувате истиот, а додека толкувањето на уставните одредби има надлежни институции кои што тоа треба да го прават. И навистина ми е жал што за целиот сет на закони не создадовте атмосфера на општа дебата или организирање на неколку јавни расправи како би можеле сите заинтересирани и засегнати со овие закони да си го искажат своето мислење. Тоа е спротивно на вашата политика која ја водите и ја прокламирате за изборите дека ќе бидете транспаретни и отворени како Влада при донесување на законите, дека ќе ги слушате мислењата на коморите, на синдикатите, на невладините организации и на сите други институции. Покажувате голема нефлексибилност да ги ислушате ставовите на оние кои различно мислат, а со тоа ја избегнувате и обврската да одговорите на тиа напади, бидејќи ако сте убедени во искреноста и оправданоста на вашите законски решенија, тогаш јас не ја гледам причината да се криете зад процедурата и да не дозволувате квалитетна расправа во Собранието на Република Македонија на овие закони како предлози на закони. Но што е тука е, веројатно засегнатите страни ќе поднесат процедури при надлежните институции и сите мерки што се спротивни на нивните интереси и на општиот интерес ќе ги оспорат пред надлежните институции.

Би сакал да апелирам до вас, во иднина кога ќе бараме процедурални забелешки да ни дозволувате тоа да го правиме, верувајте ниту имаме намера, ниту нашата стратегија е Собранието да го кочиме со процедурални забелешки, туку едноставно Деловникот е така направен кога некогаш три минути не се доволни да се дообјасниме со вас околу толкувањето на деловничките одредби.

Затоа би ве замолил да бидете малку пофлексибилни во тој дел како не би оделе во конфронтација по однос на овие прашања.

Што се однесува до Законот за изменување и дополнување на Законот за енергетика, знаеме дека е тој еден од шесте закони кои Претседателот на Републиката не го потпиша ценејќи дека има нејасни и недоволно прецизни одредби.

Истиот закон беше бранет од страна на Владата дека е усогласен со директивите на Европската унија и дека има позитивно мислење од страна на истата и дека е усогласен и може да се донесе. Но преку медиумите стаса демант на ваквото тврдење на Владата директно од Европската комисија, тоа не го кажа опозицијата или некој друг дека очекуваат во текот на септември за

истиот закон да се расправа и да се усогласат одредбите од истиот. За жал, вие инсистирате да го донесете овој закон при тоа не слушајќи или неприфаќајќи го мислењето на опозицијата, на институциите и на органите на Европската унија.

Сега се поставува прашањето кој евентуално ќе ја носи одговорноста од ваквото носење на законите и штетните последици што ќе произлезат од истиот. Веројатно повторно сите ќе бидеме виновни, но знајте граѓаните знаат убаво да проценат на каков начин и каде е лоцирана одговорноста од ваквите закони.

Околу самиот закон ќе дискутирам околу одредбите кои се однесуваат на можноста ЕЛЕМ да се претвори во претпријатие кое ќе може слободно, без никакви ограничувања иако е јавно претпријатие во составот на државата и да извезува и да увезува електрична енергија без притоа да важат одредени процедури.

Знаеме дека до сега таа оврска ја имаше МЕПСО кој преку јавен тендер ги избираше понудувачите кои ќе вршат увоз на онаа електрична енергија која недостасува во Република Македонија. Сега немаме објаснување зошто се прави тоа, дали целта на Владата е ЕЛЕМ да го направи од претпријатие кое веројатно работи со загуби во профитабилно претпријатие преку давањето можност да извезува вишоци на електрична енергија и делот кој се однесува на признаените загуби на ЕСМ ЕВН да се набавува преку пазарни цени, ценејќи дека Владата н атој начин ќе заштеди некои средства и ќе овозможи оваа компанија да работи позитивно. Мислам дека сметката е правена без крчмар како што вели народот, односно од билансите на електрична енергија јасно се гледа дека Република Македонија не само што не може да извезува електрична енергија бидејќи нема вишоци, туку мора да увезува електрична енергија по многу високи цени. Сега вие ќе дозволтие на ЕЛЕМ да врши увоз на електрична енергија, како е напишно овде во законот, на транспарентен и недискриминаторен начин и дали ќе ги набавува од трговци или ќе ги набавува од производители на електрична енергија. Значи ЕЛЕМ сам ќе решава на кој начин ќе врши увоз на електрична енергија. Ако имаме предвид дек апоследните две години од вашето владеење увозот на електрична енергија рапидно се зголемува, додека производството на електрична енергија за што е задолжен ЕЛЕМ и му е примарна дејност се намалува, навистина се отвораат многу прашања, кои ќе ја врши контролата на работењето на ЕЛЕМ и каков е тој транспарентен и недискиринаторен начин. Зошто не се оди повторно според одредбите на Законот за јавни набавки - веројатно ризикот тука што го проценувате е дека ако се оди преку јавен тендер цените се однапред определени и оставате можност евентуално ЕЛЕМ да тргува на берза, но јас не знам дали берзата сеуште е профункциониран аи тука се поставува прашањето што ако проценките на ЕЛЕМ околу движењето на цените на берзата се погрешни и испадне дека таа цена е повисока од цените кои однапред ќе бидат договорени преку јавна понуда. Навистина оставате многу отворени работи. За жал, нема претставник од Валдата, немаме дебата од страна на колегите пратеници што мислат тие околу законот за енергетика, посебно од страна на позицијата и едноставно се доведуваме во ситуација оваа процедура која ја наметнавте да ја сведеме само на искажување на нашите мислења без притоа да има можност Собранието да промени нешто, а знаеме дека согласно Уставот и согласно законите Собранието е тоа што ги донесува законите и ги менува. За жал, повторно ќе кажам да не се случи на крајто цената од вашето вакво однесување да ј аплатат граѓаните да не дојде до колапс на енергетскиот систем и едноставно да се вратиме station наназад 10 години, а не да велиме дека се приближуваме кон Европската унија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Има збор госпоѓа Радмила Шекеринска.

**Радмила Шекеринска:** Благодарам. од страна на неколку пратеници беше кажано дека со новиот Закон за енергетика плус Законот за експропријација Македонија влегува во почесната група на земји заедно со Зимбабве и ако не се лажам Венецуела. Ние сме единствена држава која што се обидува со два закони да национализира имот. Меѓутоа, има уште еден податок кој што мислам дека е уште попоразителен за Република Македонија, а тоа е дека во недостиг на вистински олимписки рекорди станавме единствена земја во светот во која Закон за енергетика кој што се заканува да не доведе до енергетски колапс поминува без дискусија на ниту еден член од страна на парламентарното мнозинство кое ја презело одговорноста и за состојбите во енергетскиот сектор. Во светот околу нас од ден на ден се повеќе се војните кои што се водат за енергетска, за сега пристап до енергија, за утре пристап до енергија. Македонија е единствената држава во светот која се откажува од развој на енергетиката и единствена држава во светот која не што не мисли за 10 години дали ќе имаме енергија, или не, не мисли ни дали оваа зима ќе имаме енергија, или не. Сметам дека ова што се случува денес, она што се случуваше во Собранието кога итно се избутка Законот за енергетика, верувајте без обид да се направи анализа кои ќе бидат последиците на овој Закон е срамно и некој за тоа ќе сноси одговорност. Јас сакам да зборувам на две теми. Сакам да зборувам на тема што ќе се случи по усвојувањето на законот со цената на електричната енергија. И второ, што ќе се случи со енергијата која ни е на располагање. Има многу закони кои прашање е колку ќе влијаат на животот на граѓаните. Меѓутоа, ниту еден од нас не може да замисли како ќе изгледа животот во Република Македонија без енергија. Што ќе се случи ако

Македонија почне се повеќе да наликува на Албанија пред неколку години која секоја зима ја дочекуваше со рестрикции. Кој странски, или домашен инвеститор ќе го убедиме да инвестира во држава во која не се знае дали во јануари со ваква цена на парното греење, со ваква цена на други енергенси ќе имаме струја, или нема да имаме струја.

Да го отворам прашањето на цената на енергенсот. Меѓутоа, бидејки претпоставувам дека ќе мислите дека е ова само критика од страна на опозицијата, само да ве потсетам дека овој закон не е критикуван само од опозицијата, не е критикуван само од домашните експерти, нема претставникл на Европска унија или Европска комисија кој не го искритикува законот. И тоа што денеска Владата повторно молчи на многу едноставно прашање, има ли позитивно мислење на Европската комисија, или не, за мене е многу јасен одговор. Европската комисија и во минатото го критикуваше законот, да ја прашал некој овој пат повторно ќе го искритикувала. И можете да замислите што мислат за нас како Собрание на Република Македонија кога им бараме да ни достават мислење на закон, тие фрлаат дрва и камења по законот и ние потоа истиот го усвојуваме. Денеска Владата е отсутна за да не одговори на тоа прашање, за да не каже дека законот ќе значи сериозно напуштање на сите обврски кои ги имаме согласно европските директиви.

Еве на пример неколку реченици кои што ги кажа Советникот ангажиран од оваа Влада за енергетика и советник платен од американската Агенција за развој. Вели, првиот ризик на ваквиот закон е тотална конфузија поради која нема да се знае кој што прави Конфузија во енергетиката значи распад на економијата. Истиот советник вели, кога некои фундаментали законски промени се прават преку ноќ, потенцијаланите инвеститори два пати ќе размислат пред да вложат во земјава. Значи, ај што нема да имаме енергетика, ај што нема да имаме енергија за нашите граѓани, инвеститорите два пати ќе размислат. И она што е многу интересно и самиот советник вели, ова ќе го постави ЕЛЕМ во толку моќна позиција Што тоа значи дирекно и грубо кршење на европските директиви. Значи, ова што го зборуваме не е само теза на опозицијата. Консензус постои кај сите оние кои знаат а од бизнисот и а од целиот овој сектор наречен енергетика, дека ова е нарушување на европските директиви и нарушување на нашата енергетска стабилност. Меѓутоа, бидејки реков ќе зборувам за цената, сакам да кажам многу јасна изјава. Со ваков закон, со вакво неинвестирање во енергетскиот сектор македонските граѓани можат да сметаат само на една последица, а тоа е дека цената на струјата ќе расте. Цената на струјата ќе расте и ќе претставува финален удар на и онака ослабениот стандард на македонските граѓани. Кога зборувавме дека ќе поскапи парното, велевте, нема шанси. 60% поскапи парното. Парното немаше да поскапи толку многу доколку се најдеше слух за предлозите од СДСМ околу намалување на акцизите и данокот барем времено на основните енергенси. Сега се случува истото. Сега парламентарното мнозинство молчи. Меѓутоа, се прашувам што ќе говорите тогаш кога цената на струјата ќе рипне. А кога никој од вас не се обиде да најде решение за оние најсиромашни семејства во Македонија за кои во секоја држава во Европа постои пакет со кој им се помага да преживеат со такви високи цени на електричната енергија. Тоа го предложивме пред неколку месеци во Собранието како посебен закон, го одбивте, не ни го дискутиравте. Меѓутоа, сега да носите ваков закон кој дефинитивно ќе ја поскапи струјата во Македонија без било каква заштита на најсиромашните семјства е неодговорност од највисок вид. Според иницијалните пресметки кои што ги направивме, ако во февруари 2007 година кога се носеше последната одлука на Регулаторната комисија за цената на струјата, вежеше истиов Закон, тогаш струјата ќе беше поскапа за цели 11,95%. Сега сметајте што ќе се случи за неколку месеци. И се надевам дека тогаш кога ќе поскапи струјата, колегите несериозни пратеници нема да се смеат, или барем со широки насмевки ќе отидат и ќе им објаснат токму на своите гласачи и граѓани како да ги платат сметките за струја. Зошто ќе поскапи меѓу другото цената на струјата? Затоа што во моментов кога произведуваме дома струја, таа чини 21,22 евра, а кога ја купуваме, а се повеќе и повеќе ја купуваме таа чини 92 евра. Четири пати поскапа струја. Сега земете што пишува Законот, па направете ја пресметката. Меѓутоа, има и еден поголем проблем, а тоа е проблемот, ајде ако струјата е скапа можеби ќе штедиме малку. Прашањето кое денеска секој граѓанин во Македонија треба да го постави е дали ќе имаме струја, барем толку колку што сме се навикнале да трошиме. Еве ви неколку податоци. Од 2000 година до денес важи едно правило во енергетскиот сектор. Ако е ВМРО-ДПМНЕ на власт, Македонија не може да произведе дури ни 6000 гигават часови струја. И затоа од 2002 до 2006 година бројките се 6200, 6300, 6400. 6350. Минатата година паднаа под 6000. Оваа година се планира производството во термоелектраните да биде уште помалку, ако било 5000 минатата година, сега да биде 4800. А внимавајте како го решава проблемот ЕЛЕМ и Министерството за економија, ја дига произведувачката на струја од страна на хидроелектраните. И затоа кога ќе заминете низ Македонија и кога ќе видите на кое дереџе ни се вештачките акумулации и езера, немојте да мислите дека е тоа заради сушата. Тоа заради неодговорното и лошо владеење на минатата и оваа постава во енергетскиот сектор. Затоа некој ќе си го постави прашањето зошто толкава неодговорност на една власт кон најважното прашање во Македонија. Можеме без

многу работи да издржиме, но без вода и без енергија не можеме да издржиме. И ќе погледнете еден материјал од Министерството за економија кое денес е отсутно, пред неколку месеци и ќе ви стане јасно зошто ваква неодговорност за вака битно прашање. Ќе свртите на една табела и ќе видите дека ова е бизнис вреден 283 милиони 950 илјади евра, пари кои ќе ги плати Македонија заради увоз на енергенси. Заради бизнис од 300 милиони евра Македонија во следните неколку месеци ќе има поскапа струја, а во текот на зимата ќе се соочи со сериозни рестрикции. Со денешнава одлука ја земавте одговорнсота дека владеачкото мнозинство гласаше за поскапа струја и гласаше за зимски рестрикции.

**Трајко Вељаноски:** Има збор госпоѓа Цветанка Иванова.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине претседателе. Јас овој пат нема да ги искористам моите 10 минути според Деловникот, затоа што денеска поставив доста процедурални забелешки. И сакам со овој мој говор само да ви ја докажам апсурдноста на вашето денешно постапување по сите овие 6 закони, вклучително и по овој закон за кој расправаме денеска.

Би поставила само неколку прашања, затоа Што денеска треба да дебатираме за забелешките кои што ги имаме по овој закон, а дебатираме само ние од опозицијата. Позицијата си молчи, се и е јасно. Јас сега сакам, можеби ќе гласам на крајот, ако некој ме разубеди за донесување на овој закон. Но, не ми е јасно и сакам некој да ми одговори, дали со овој закон и со следниот закон кој што следува се врши нова национализација во Република Македонија наспроти прокламираната денационализација. Дали со овој закон се воведува монопол во една сфера, дали со овој закон, јас не сум стручњак по оваа област, дали ќе имаме сигурност во снабдувањето со електрична енергија? Како овие решенија ќе се одразат врз граѓаните, особено од овој закон, особено врз оние најсиромашните смејства и што Владата мисли да преземе за заштита на животниот стандард на овие семејства. Сакам да знам и барам писменото мислење од Европската комисија, затоа што ние како Парламент сме должни тоа да го имаме тука за да дебатираме. И зошто Владата молчи наспроти секојдневно прокламираната “нејзина транспарентност”. Овие прашања денеска треба некој мене да ми ги одговори како пратеник. Еве ја апсурдноста ваша што викате дека овој закон е како закон и нема потреба од претставник на предлагачот кој што ќе одговара, еве ја апсурдноста до колку низ дебата докажеме дека едно од овие прашања навистина бара поинаков одговор, дека е потребно амандманска реакција на законот. Целокупниот мој говор докажува дека навистина имавме право што реагиравме процедурално, имавме право што баравме да се почитува одредбата од член 172 од Деловникот и Законот да дојде како Предлог закон, затоа што и праксата покажала дека во 1998 година при донесување на еден закон ова Собрание постапило така како што налага Уставот и Деловникот, што значи постапило и го вратило Законот кој што не го потпишал тогашниот претседател како Предлог на закон и имало амандманска расправа.

**Трајко Вељаноски:** За збор се јавил господин Горан Мисовски. Не е присутен во салата и го губи правото за збор.

За збор се јави госпоѓа Соња Мираковска. Не е присутна во салата, го губи правото на збор.

Пред да и дадам збор на госпоѓа Роза Топузова Каревска, со оглед на тоа дека времето е 17,42 до колку има потреба, затоа јас како претседател на Собранието согласно член 68 став 4 одлучувам да работиме до колку има потреба после 18,00 часот до завршувањето на точката 17, односно до завршување по Законот за изменување и дополнување на Законот за енергетика.

Има збор госпоѓа Роза Топузова Каровска.

**Роза Топузова Каровска:** Благодарма почитуван претседателе. Мислам дека овој пат нема да има потреба да го искористите вашето деловничко право и да одредите продолжување на пленарната седница. Јас и мојот колега ќе се потрудиме значи во времето кое што ни преостанува, без разлика дали ќе ги искористиме оние десетина минути, односно петнаесет кои што ни ги дозволува вашиот Деловник, ќе се потрудиме во тоа време да кажеме нешто.Всушност и нема што многу да се каже. Во дебатите до сега кои што ги слушнавме од колегите пратеници исклучиво од опозицијата беше јасно аргументирано стручно и компетентно образложена штетноста на носењето на овој закон. За жал, денеска присуствуваме на едно крајно омаловажување не само на пратениците од опозицијата, туку воопшто на целиот Парламент. Без разлика на вашето објаснување, дури и да нема законска обврска, или деловничка обврска да присуствува претставник од Владата, мислам дека не беше на одмет оние најодговорните креаторите на овој штетен закон за Република Македонија да бидат присутни тука и да ги слушнат забелешките. За жал, тие сметаа дека не треба да бидат присутни овде, затоа што својата работа си ја завршија, го донесоа Законот, а последиците понатаму ќе ги чувствува не само нашата земја, туку и сите граѓани во Република Македонија.

Почитуван претседателе, навистина со тоа што се случува на денешната седница без ниту еден одговор од било кој од страна на Владата образложение или од пратениците од парламентарното мнозинство кои што сметаат дека многу добро и прават на својата земја што го притискаат по трет пат копчето за овој закон, навистина се поставува дилемата, колку има смисол оваа наша дебата?

На крај, мислам дека граѓаните треба да ги удостоиме со тоа и да им објасниме што се

последиците од носењето на овој штетен закон за Република Македонија. За штетноста укажуваа не само експертите, не смао претставниците на опозицијата, туку и целокупната меѓународна јавност, односно претставниците на Меѓународната заедница. Меѓутоа, вие се оглушувате на тоа, пратениците од парламентарното мнозинство. Иако мојот колега побара да ја добиеме писмената потврда од Брисел, дека немаат забелешки на овој закон, за жал вие не му одговоривте на ова, ниту пак направивте обид тоа да го добиеме. До колку го имавме тој документ, нашите аргументи ќе беа побиени во насока на тоа дека Меѓународната заедница не дава согласност за овој закон и смета дека е штетен за Република Македонија. Овде неминовно е дека со овој закон ќе се предизвика не само една монополска позиција на ЕЛЕМ каде што апсолутно ќе нема никаква контрола врз енергетскиот сектор и нема да се знае ниту кој продава, ниту пак ќе се знае начинот на кој што се продава, затоа што како што гледате дека институцијата, значи увезување на електрична енергија преку тендер во целост овде со новиот закон е изоставена. Беше поставено прашањето, како парламентарното мнозинство односно Валдата пред граѓаните, пред нивните гласачи, пред луѓето кои што му дадоа голема доверба ќе го оправдаат поскапувањето на цената на електричната енергија. Многу едноставно, веднаш ќе одговорам, онака како што го оправдаа поскапувањето на храната и прехранбените продукти во Република Македонија. Ќе кажат дека тоа е светски тренд и заради тоа граѓаните на Република Македонија ќе мора да плаќаат поскапа струја, или посликовито еден од пратениците од парламентарното мнозинство ќе каже дека Кинезите почнале да јадат многу месо и млеко, па поради тоа кај нас цената на храната е поскапена. Исто така, и овој пат можеби Кинезите за својата Олимпијада потрошија премногу електрична енергија, па тоа ќе се одрази врз цената на електричната енергија и во Република Македонија. Апсолутно не е смешно почитувани колеги. Многу сум сериозна кога го говорам ова, затоа што на граѓаните не им требаат нереални објаснувања, дека тоа е светски тренд.

Светски тренд претставуваат и многу други работи, плати кои што треба да бидат соодветни на трудот кој што го вложуваат работниците. За жал, ние на ниво на просечна плата во Република Македонија се наоѓаме на дното, не само на европските земји туку и на балканските земји. Далеку не надминаа земјите од Еворпа, не надминаа и земјите од Западен Балкан. Останавме некаде апсолутно недефинирани. Токму поради тоа на овие прашања сакавме да бидат тука претставниците од Владата и да ни одговорат. Овде сме избрани од граѓаните и треба пред се ним да им објасниме за некои работи, меѓутоа да им објасниме искрено без скапо платени реклами од Буџетот, но кога ќе ги добијат сметките за електрична енергија, кога недај боже ќе почнат рестрикциите и онака со се поскапото парно се наметнува потребата од поголема потрошувачка на електричната енергија во зимскиот период, тогаш се надевам дека парламентарното мнозинство ќе размисли за каков закон три пати едно по друго ги притиснало копчињата. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека претресот по законот е завршен.

Господине Жерновски, се извинувам, но во таа минута за пријавување, согласно член 80 став 2, вие не бевте пријавени.

(од место Андреј Жерновски бара процедурално)

Процедурално може, но овде вие сте пријавени за збор.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека ...

(од место реагира пратеникот Жерновски и бара процедурално)

Ќе ви дадам процедурално.

Констатирам дека претресот по законот е завршен.

Повелете, процедурално, господине Андреј Жерновски и друг пат пријавете се на соодветното копче да знам дали сте за процедурално или за збор.

**Андреј Жерновски:** Јас во потполност ќе прифатам, ако сте во право и ќе се повлечам.

Ова е новиот Деловник (го покажува новиот Деловник), член 78, член 80, меѓутоа има и став 3 во овој Деловник што јас го имам, можеби имаме различни верзии, вели "предлагачот и координаторите на пратеничките групи можат да се пријавата за збор и во текот на претресот". Сега немате одговор и што правиме сега? Еве јас го чекам одговорот.

**Трајко Вељаноски:** Во ред, нема проблем, затоа што вие како координатор се пријавувате за збор и имате збор. Во ред, се извинувам, моја грешка е.

Имате збор, затоа што во моментот, тогаш кога се пријавувавте имаше една мала забуна. Некој ве пријави. Значи некој ве пријави, имаше злоупотреба од некого. Вас ве пријави и затоа настана таа забуна.

Со оглед на тоа што вие како координатор, точное , имате право согласно члено 80 став 3, имате збор господине Андреј Жерновски, повелете.

**Андреј Жерновски:** Имаше дофрлување од колегите.

Ќе ви кажам, вистина се пријавив намерно на крај за да ви докажам една работа, а тоа е дека и вие што тврдите дека го знаете вашиот Деловник, не го познавате, вклучувајќи ве вас како претседател, сега дозволете јас да ви кажам, бидејќи ми одржавте лекција, и испадна во право.

Не го разбирам негодувањето. Не е тоа да покажам дали јас го познавам Деловникот. Помалку од вас го познавам новиот Деловник тоа ќе го признам, но вие се поставувате како извонредно да го познавате, не го познавате. Овде гледам сите претседатели на Собрание и тоа ме радува. И така е во ВМРО-ДПМНЕ, секој може да биде претседател на Собранието, тоа е факт.

**Трајко Вељаноски:** Повелете, имате збор.

**Андреј Жерновски:** Значи, сослушајте ги опозиционите пратеници, можеби се во право, можеби.

(реакции во салата)

**Трајко Вељаноски:** Ве молам за тишина и да го сослушаме, повелете.

**Андреј Жерновски:** Јас ќе гледам да не дискутирам 15 минути, беше сосема доволно кажано за тоа што овој закон ќе донесе како влијание врз граѓаните и врз Република Македонија од аспект на поскапувањето, од аспект на монополот и од аспект на она што ќе се случи, што ќе биде откриено, а тоа се коруптнивните моменти односно коруптнивите амбиции поради кој се носи овој закон.

Јас од сосема друг аспект сакам да укажам на нешто што откако сум во Парламентот имам амбиција тоа да со бележам, а тоа е што значи овој закон во односите Македонија - Европската унија, поточно во односите Македонија - Брисел.

На 13 декември 2007 година стигна сосема јасен одговор од страна на Европската унија што овој закон значи за Република Македонија. Некои колеги цитираа, но јас сакам да цитирам други делови за да можеме на граѓаните на Република Македонија да им кажеме дали навистина оваа актуелна Влада на премиерот Груевски работи на линијата што ни кажа дека работи, значи на вклучување на Република Македонија во Европската унија, со тоа почитувајќи ги и одредбите што ги има Европската комисија односно Европската унија, или не.

Јас побарав, како што кажа мојата колешка, она што вчера беше кажано на А1 телевизија дека Владата го има писмениот доказ. Јас овде пред македонската јавност тврдам дека го немам овој писмен документ и ќе се извинам во првата прилика доколку не ја кажам вистината.

Сега ќе ви цитирам што оцени Генералната дирекција на европската комисија за транспорт и енергија за да можат граѓаните да оценат кој ја кажа вистината, опозицијата или власта.

Вели "измените во законот за енергетика на Владата на Република Македонија ќе овозможат монополска позиција на една организација во Македонија и ќе го прекршат Атинскиот меморандум", оцени Генералната дирекција од европската комисија. Понатаму продолжува и вели "делот за либерализација на пазарот на електрична енергија значи кршење на повелбата. Нејзина цел е да донесе сигурност во снабдувањето со струја и прифатливи цени", токму она што го зборуваа моите колеги.

"Планираните амандмани на Владата нема да влијаат на намалување на цената на струјата во Република Македонија".

Многумина од вас слушнале за еврокомесарот за проширување, Оли Рен односно за неговата портпаролка Кристина Најк и вели "го поканивме надлежното Министерство на технички состанок (мисли на македонското) на крајот на јануари за да го разгледаме заедно нацрт-законот, на состанокот на Подкомитетот, за кој имаме забелешки".

Она што мора да го знаат граѓаните на Република Македонија е дека понатаму во Брисел велат Македонија може да го усвои овој закон, но ќе се најде во иста ситуација како со Законот за телекомуникациите и вие се сеќавате како поминавте како Влада, но што е најважно, како помина државата во тој контекст. Во спротивно, вели: "Македонија добива негативни поени кои не придонесуваат за подобрување на довербата помеѓу Брисел и Скопје". И тој документ што Владата вели ќе го даде, нема никогаш да го даде, од едноставна причина, затоа што не постои. Тоа што не постои не може да го доставите. Да постоеше ќе беше доставен. Да беше доставен опозицијата во овој собраниски состав ќе беше замолчена во тој аспект. Така што, ова што досега го забележав е сосема спротивно од она што го кажа премиерот Груевски насекаде и во секоја можна прилика, а тоа е дека оваа Влада се усогласува со Брисел и дека прави конкретни чекори напред. Напротив, ова се конкретни чекори назад, затоа што ова е се, само не усогласување со Брисе.

За крај, затоа што можеби опсесија ми е да го цитирам премиерот Груевски, а се со цел да бидам веродостоен на тоа што го кажав, ќе го кажам тоа што тој го кажа во Собранието на Република Македонија за работата на Владата на Република Македонија за периодот 2006-2010 година, на 14.08.2006 година, во делот на енергетика и почнува со следното:

"Во својот мандат јас како претседател на Владата на Република Македонија ќе се залагам за што побрзо редефинирање на постојаната законска регулатива од областа на енергетиката, со прифаќање на одредбите од директивите на Европската унија и нивна брза имплементација".

Тоа е тоа што го кажа премиерот Груевски, тоа е што премиерот Груевски го вети, а не го исполни. На крајот на краиштата граѓаните ќе оценат дали се тоа чекори напред или чекори назад за Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пратеници и координатори на пратенички групи пријавени за збор, констатирам дека претресот по законот е завршен.

Ги молам пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата, преминуваме на гласање.

Законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 85 пратеници, за гласаа 69, воздржан нема, 16 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за енергетика.

Тука ја прекинувам работата на седницата за денес. Продолжуваме утре со истата седница во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 17,59 часот)